ООУ „Панко Брашнаров“ Велес

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

**2019 - 2021**

***Вовед***

Врз основа на Законот за основно образование (Сл.весник на РМ 103/2008) член 146 и 147 и Законот за изменување и дополнување на законот за основното образование(Сл. весник на РМ 33 /2010) член 17 и 18, за обезбедување на квалитет на наставата Училишниот одбор на секои четири години донесува програма за развој на училиштето во која се земени предвид резултатите од самоевалуацијата спроведена од страна на училишната комисија,советодавната и стручната помош од БРО, препораките од извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат, како и резултатите од екстерната евалуација содржани во годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници од страна на Државниот испитен центар.На секои две години училиштето врши самоевалуација.

Самоевалуацијата се спроведува на крајот на секоја втора наставна година.

Согласно одредбите на член 147 став 3 од Законот за основно образование, Училишниот одбор на ООУ „Панко Брашнаров““ – Велес донесе Одлука за формирање на комисија за самоевалуација на училиштето по предлог на директорот од 12.08.2020 година во состав: Сладјана Настева, Весна Баркова, Сања Стојановска, Каролина Бузалкова и Фросина Калешова – претставник од родителите.

***Цел***

- Целта на евалуацијата претставува модификација, усовршување, унапредување на практиката.
- Евалуацијата претставува основа за интервенција, акција – акционен план и програма за развој
- Сознанијата до кои се доаѓа со евалуацијата имаат улога на коректор на планирањето и реализацијата на понатамошните активности

Со конкретни анализи на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слабите страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Со самоевалуацијата ќе се издвојат приоритетните области на делување за да се унапреди и осовремени наставниот процес и воннаставните активности. Заедничката цел на самоевалуацијата на сите субјекти во училиштето е да се надминат слабите страни, а јаките да се одржуваат.

***Што очекуваме од спроведената самоевалуација***

- Реализацијата на самоевалуацијата секогаш ќе резултира со спојување на индикаторите од сопствената проценка на квалитетот, со потребата за унапредувања на квалитетот на наставата на ниво на училиштето;
- Самоевалуацијата ја поттикнува меѓуколегијалната педагошко-психолошка расправа за важноста во подобрувањето на воспитно- образовниот квалитет во поучувањето;
- Податоците ќе му помогнат на училиштето да изврши самоанализа на сопственото делување, а со тоа ја проценува сопствената предност пред другите или недостатоците за усогласување и градење на тимската работа во наставниот процес;
- Самоевалуацијата ја поттикнува мотивацијата и кај наставниците и кај учениците;

***Кој ќе има бенефит од самоевалуацијата?***

- **Учениците** ќе имаат квалитетна настава, ќе имаат квалитетна комуникација и подобра мотивација во наставниот процес;
- **Наставниците** организирано ја зголемуваат и унапредуваат методско-дидактичката автономија на професионален план при усовршување на наставниот процес, ги развиваат можностите за поттикнување на квалитет во сопственото работење и поучување во училиштето;
- **Училиштето** од севкупното препознавање на компонентите во системот на доживотното учење, самостојно ги разграничува и класификува позитивните и негативните страни. Од добиената анализа го креира и унапредува сопствениот развој на квалитетот на наставниот процес;
- **Поширокатa општествена заедница** има придобивки од квалитетното образование во училиштето. Подигнато е нивото на квалитетот на знаења и способности на корисниците на услугите од страна на локалниот бизнис сектор, услужните дејности и другите организации и поединци. Општествената средина ги поттикнува и мотивира младите за стекнување на знаења, вештини и способности во наставата и учењето.
- Самоевалуацијата во системот на доживотното учење е емотивен генератор на индивидуалната и колективната свест за промена на самите себеси, за унапредување на наставната работа во доближување кон потребите на нашите ученици.

***Системот на евалуацијата е спроведен со почитување на следните принципи:***

- ***Релевантност*** – предмет на евалуацијата се најбитните подрачја и аспекти на образовниот процес, значајни од аспект на јавно прифатени образовни стандарди и преточени во операционализирани и препознатливи индикатори за квалитет.
- ***Корисност*** – суштината на евалуацијата е корисна, од неа произлегуваат информации кои помагаат во планирањето на корективни, иновативни и други акции кои се во функција на унапредување и задржување на квалитетот на наставата, учењето и резултатите на учењето.
- ***Изводливост –*** целта на евалуацијата е реална со предметот, условите, средствата, времето и кадарот.
- ***Валидност –*** евалуацијата обезбедува сознанија за она што се однесува на објективен, доверлив, јасен и употреблив начин**.**
- ***Транспарентност –*** содржи програми, нивоа на програмски барања, образовни стандарди и критериуми за вреднување, оценки кои треба да бидат јасни и познати како на евалуаторот, така и на оној чија работа се евалуира и на сите останати заинтересирани актери во образовниот процес.
- ***Професионалност –*** организационите, методичките и техничките аспекти на евалуацијата се на ниво на современи професионални стандарди, а тоа подразбира дополнително оспособување за планирање и реализирање на евалуација и самоевалуација.
- ***Благовременост –*** временските процеси во кои се вршат евалуативните активности и повратните информации за резултатите од евалуацијата се така планирани за да може да има корист оној кој што се евалуира и оној кој ја планирал евалуацијата од повратните информации кои ги добиваат, односно да имаат време да преземат потребни корективни мерки или да донесат потребни одлуки
- ***Достапност –*** информациите собрани во процесот на евалуација се во употреблива форма да му бидат соопштени на оној на кого се однесуваат
- ***Партиципативност –*** секогаш двете страни учествуваат во донесувањето на одлуки за евалуацијата (вработените и директорот)
- ***Доброволност –*** важи за сите оние облици на евалуација кои не се со закон пропишани

*Фази на спроведување на самоевалуација*

| | |
|---|---|
| ***Подготвителна фаза*** | Се формираше тим на ниво на училиште од наставникци, стручни соработници и член од совет на родители<br>Формирање на работни групи од шест члена за секои од седумте подрачја<br>Тимот за самоевалуација изработува акционен план со кој се дефинираат:<br>Подрачјата и индикаторите на квалитет<br>Подиндикатори<br>Методи и техники на самоевалуација<br>Инструменти за прибирање на податоци<br>Начин на прибирање и обработка на податоците |
| ***Фаза на реализаци*** | Анализа на податоци и документација<br>Усогласување на добиени наоди<br>(SWOT анализа и издвојување на приоритети)<br>Подготовка на поединечни извештаи за самоевалвација за секој од 7 те области<br>Подготовка на заеднички нацрт извештај за спроведена самоевалвација |
| ***Фаза на известување*** | Наставнички совет<br>Совет на родители<br>Ученици<br>Директор на училиште<br>Училишен одбор |

Идентификациони податоци на училиштето

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на училиштето | ООУ „ Панко Брашнаров“ Велес | | |
| Локација на училиштето | Централно градско подрачје | | |
| Контакт информации | Телефон | Факс | E-mail |
| | 043/ 231-189 | / | pankobrasnarov@gmail.com |
| Директор на училиштето | Валентина Стефанова | | |
| Степен на училиштето Струка Профили на програмите во училиштето | Основно Училиште | | |
| Број на ученици во учебната2020 /2021 година | **728** | | |

| Број на вработени | Наставници | Стручни соработници | Секретар | Административен и технички кадар | Ноќен чувар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 61 | 4 | 1 | 15 | 1 | 82 |

| одделение | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Друго | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| I | 3 | 76 | 19 | 15 | 1 | | 2 | 2 | 22 | 14 | | 1 |
| II | 4 | 87 | 12 | 13 | | 1 | 1 | 2 | 28 | 30 | | |
| III | 4 | 84 | 18 | 19 | | | 3 | 6 | 19 | 19 | | |
| IV | 4 | 77 | 15 | 16 | | 2 | 6 | 10 | 12 | 15 | 1 | |
| V | 4 | 92 | 25 | 16 | 1 | 1 | 7 | 5 | 17 | 20 | | |
| VI | 4 | 69 | 20 | 22 | | 1 | 2 | | 13 | 11 | | |
| VII | 4 | 66 | 25 | 14 | | | 3 | | 10 | 12 | 2 | |
| VIII | 4 | 55 | 19 | 9 | | 2 | 2 | 3 | 12 | 7 | 1 | |
| IX | 4 | 67 | 24 | 17 | | | 5 | 6 | 10 | 5 | | |
| I-IX | 35 | 673 | 177 | 141 | 2 | 7 | 31 | 34 | 143 | 133 | 4 | 1 |

| Одд. | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците с Чалошево | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македнци | | Албанци | | Турци | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I-V Комбинирана | 1 | 7 | 6 | 1 | | | | | | |
| Вкупно | 1 | 7 | 6 | 1 | | | | | | |

| Одд. | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците Башино Село | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македнци | | Албанци | | Турци | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| III и v комбинирани | 1 | 11 | 8 | 3 | | | | | | |
| I, II, и IV и комбинирани | 1 | 13 | 8 | 5 | | | | | | |
| I – V | 2 | 24 | 16 | 8 | | | | | | |

| Одд. | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците с Караслари | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македнци | | Албанци | | Турци | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I, и v комбинирани | 1 | 13 | 5 | 7 | 1 | | | | | |
| II, III и IV и комбинирани | 1 | 13 | 2 | 9 | 2 | | | | | |
| I – V | 2 | 26 | 7 | 16 | 3 | | | | | |

- **Мисија**

***Квалитетно знаење – пат кон иднината!***
***Поаѓајки од мисијата училиштето ќе го поттикнува учењето и личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците преку создавање на услови кои промовираат етничка интеграција и здрава училишна средина.***

- **Визија:**

***Училиште отворено за нови идеи кои го поттикнуваат индивидуалниот развој и креативното мислење на ученниците, меѓусебно почитување без разлика на етничката и верската припадност, повисоки интелектуални способности и образование кое ќе одговори на животните предизвици.***

***Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето***

1. **Наставни планови и програми**
2. **Постигнување на учениците**
3. **Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар**
4. **Управување и раководење**
5. **Комуникации и односи со јавност**
6. **Училишна клима и култура**
7. **Соработка со родителите и со локалната средина**

## Подрачје 1: Организација и реализација на наставата и учењето

| **ПОДРАЧЈЕ 1** | | ***ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО*** |
|---|---|---|
| **ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНА ГРУПА** | | **Координатор: Валентина Мајсторска**<br>Членови:<br>1.Невенка Кичукова<br>2.Валентина Стефанова<br>3.Цветанка Ржарова<br>4.Славјанка Паунова<br>5.Габриела Љуткова<br>6.Биљана Настовски<br>7.Слободанка Арсовска<br>8.Благица Јовчевска<br>9.Анета Цветкова<br>10.Фиданка Ивановска |
| **БР. 1** | **ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| **1.1** | **Реализација на наставни планови и програми** | **Применувани наставни планови и програми**<br>**Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>**Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>**Избор на наставни предмети**<br>**Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето**<br>**Реализација на проширени програми** |
| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | | **ЗАКЛУЧОК** |
| Наставни планови и програми донесени од БРО и МОН<br>Годишни глобални и тематски планирања на наставниците<br>Дневни планирања на наставниците<br>Нормативни акти на училиштето<br>Педагошка евиденција и документација<br>Годишна програма на училиштето | | Наставниот процес во ООУ „Панко Брашнаров “ Велес се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Наставниот план и програми се реализираат во пропишаниот обем. Наставата по физичко и здравствено образование во прво одделение од учебната 2020/2021 година ја реализираат тандем наставници (одделенскиот наставник и предметен наставник). По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се релизира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми |

| | |
|---|---|
| Застапеност на изборните предмети по паралелки<br>Стручни упатства и насоки заоперационализација на наставните планови и програма<br>Facebook страна | (CambridgeInternationalExaminationCentre), кои се адаптирани од страна на БРО и утврдени од МОН. Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми. Според наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава по задолжителни предмети, изборни предмети, дополнителна и додатна настава. За учениците од I – III одделение се организира продолжен престој. Наставата во училиштето се изведува во две смени.<br>Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето на родителите се спроведува на почетокот на учебната година на состанокот со родителите, преку facebook страната на училиштето, а исто така се посочува и веб страната на БРО. Наставниците на почетокот на учебната година изготвуваат Годишни /тематски планирања во кои се наведени наставните цели по критериуми и стандарди на оценување кој им го презентираат исто на родителите и учениците на првата родителска средба на почетокот на учебната година.<br>Наставниците кои работат со деца со ПОП работат според прилагодени наставни програми, според адаптирани наставни цели по наставните предмети во соработка со стручните соработници, општинските дефектолози и родителите. Диференцираниот пристап е карактеристичен при работа со децата со посебни образовни потреби.<br>Во тек на учебната 2020/2021 година дел од наставниот кадар се вклучи во проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“ и истите се едуцираа преку онлајн обуки. Проектот е во рамките на Здружението за асиситивна технологија – „Отворете ги прозорците“ и подршка од Детската фондација „Песталоци“.Во учебната 2020/2021 година во подрачното училиште во Чолошево учи еден ученик со посебни образовни потреби, за кои е издаден наод и мислење од надлежна институција.За еден ученик во ООУ„Панко Брашнаров“ нема согласност од родителите и не се работи според индивидулна образовна програма.<br>Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците самостојно да вршат избор на наставни предмети според нивните интереси и потреби. Изборот се врши преку анкетирање, при што во анкетниот лист се нудат наставните предмети од листата на изборни предмети предложени од БРО. Предметите што |

| | | |
|---|---|---|
| | | се нудат како избор на учениците се избрани согласно кадровските можности на училиштето.<br>Училиштето ги почитува законските обврски и можностите и потребите на учениците и родителите. Има изготвено проширена програма за продолжен престој. Продолжениот престој се остварува во 11 хомогени паралелки за учениците од I до III одделение, а за останатите ученици се реализира класична настава. Вклучувањето на учениците во продолжен престој е во согласност со родителот, а почитувајќи ги притоа можностите и потребите на учениците. |
| **1.2** | **Квалитет на наставни планови и програми** | **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала**<br>**Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br>**Интегрирање на општите(меѓупредметните) цели на образованието**<br>**Влијание на наставниците,родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми** |
| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | | **ЗАКЛУЧОК** |
| **Годишни глобални и тематски планирања на наставниците**<br>**Анкетен прашалник со родители и ученици**<br>**Анкетен прашалник за наставници**<br>**Наставни планови и програми донесени од БРО и МОН**<br>**Педагошка евиденција и документација**<br>**Годишна програма за работа на училиштето**<br>**Програма за дополнителна и додатна настава**<br>**Разговор со стручна служба** | | Наставните планови и програми доста добро го помагаат личниот и општествениот развој на сите ученици без разлика на родовата и етничката припадност, преку кои учениците можат да се стекнат со сите потребни компетенции:ставови,знаења,вештини и вредности, меѓусебно договарање, секојдневна соработкаи разрешување на конфликтите на најсоодветен начин.Реализираните активности придонесуваат за јакнење на самодовербата кај ученицитеи развивање на вештините за иницијативност и решавање проблеми во рамките на сите наставни предмети.<br>Учениците се вклучени во проектни активности, истражувачки задачи и работилници по различни наставни предмети преку кои кај нив се развива чувство за тимска работа, меѓусебна соработка и преземање иницијатива за разрешување на проблемски ситуации. Наставните програми овозможуваат кај учениците да се поттикне свеста и критичкото размислување, како и чувството за одговорност за задачите што треба да ги исполнуваат и целосно да ги извршуваат. Учениците добиваат повратна информација за нивната работа и се посочуваат аспектите на кои во иднина треба да се посвети дополнително внимание.<br>Во анкетниот лист за наставници 55,6 % се изјасниле дека во наставните планови и програми се води сметка за сите потребни компетенции:ставови,интереси,знаења,вештини,вредности. |

| | |
|---|---|
| | Во училиштето има еднаквост при вклучувањето на сите ученици во воспитно-образовниот процес,без разлика на половата и етничката припадност.<br>Во анкетниот лист за ученици,учениците се изјасниле со 53,6 % дека се организираат трибини и работилници за почитување на различноститедодека 83,3 % од родителите се изјасниле дека нема полови и етнички нееднаквости.<br>При изработката на Годишните наставни програми по предмети и при изработката на Годишната програма на училиштето, акцент се става на интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала.<br>Реализацијата на овие интеграции се врши со посета на научни, производствени и образовни институции: музеи, посета на археолошки локалитет, посета на просториите во општината и др. Сите овие активности придонесуваат за да можат учениците посликовито да ги осознаат новите содржини и поими кои се сретнуваат во новите наставни планови и програми и за остварување на поставените образовни цели.<br>Учениците се вклучени и во повеќе проектни активности според нивните интереси и желби во рамките на слободните часови.<br>Постојат соодветно интегрирани особености на локалната средина со наставните програми кај поголем број од наставните содржини,кои се прилагодуваат и усогласуваат со карактеристиките на локалната средина преку посета на различни културно-историски знаменитости,јавни установи.Учениците активно се вклучуваат во одбележувањето на значајни датуми иманифестации за општината.<br>Во програмата за работа планирана е и реализација на часови со содржини од областа на здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците за здрав начин на живеење.<br>Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието дава можност за целосна ангажираност на учениците при решавањето на конкретни проблеми и задачи.Наставниците ги почитуваат тие насоки и меѓупредметните цели ги реализираат со помош на активности кои ги планираат во своите годишни и тематски планирања и кои придонесуваат за: јакнење и развивање на самодовербата; развивање на иницијативноста; стекнување на одговорноста; почитување на различноста и основните човекови права; јакнење на свеста на учениците за припадност на РМ како мултикултурно општество ,се запознаваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | со традицијата, обичаите и религиите на сите етнички заедници што живеат во Македонија.<br>Наставниците како директни реализатори на наставните планови и програми сметаат дека може да имаат влијание врз наставните планови и програми.Начинот на кој наставниците,родителите и учениците може да влијаат за измени во наставната програма е да покренат иницијатива за измени и дополнувања на наставните планови и програми и истите да се препратат до БРО и МОН. |
| **1.3** | **Воннаставни активности** | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>Афирмирање на учениците и на училиштетопреку воннаставните активности |
| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | | **ЗАКЛУЧОК** |
| **Годишна програма за работа**<br>**➢ Педагошка евиденција и документација**<br>**➢ Дипломи**<br>**➢ Пофалници**<br>**➢ Признанија**<br>**➢ Медали**<br>**➢ Годишен извештај за работа** | | Наставните планови и програми одобрени од МОН, во училиштето целосно се реализираат, освен преку редовната настава и преку воннаставните активности. Во училиштето се организираат голем број воннаставни активности во кои се вклучени сите ученици во зависност од нивните афинитети и можности. Како во сите успешни училишта, па така и во нашето училиште, наставниците ги забележуваат интересите на учениците и достигнувањата и ги користат овие информации за да ги мотивираат учениците да се вклучат во различни воннаставни активности. Придобивки од воннаставните активности се: учество во манифестации во училиштето и надвор од него, проширување на знаењата, правилно користење на слободното време и социјализација. Има голема соработка со Локалната самоуправа и установите и трговските друштва, со одбележување на позначајни датуми, како што се празници и меѓународни денови. Со награди и признанија се мотивираат и поттикнуваат учениците да се вклучуваат во голем број воннаставни активности. Во училиштето постојат овие форми на училишни и воннаставни активности:<br>- Литературно катче во кое љубителите на пишаниот збор, низ поезија и проза ја изразуваат својата креативност и инспирација. Учествуваат на разновидни литературни конкурси, постигнуваат забележителни успеси и добиваат награди и дипломи. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Училиштен хор и оркестар, учениците кои се музички надарени (пеење и свирење на инструменти) се вклучија во хорот и оркестарот на училиштето и имаа повеќе настапи во и надвор од училиштето во одбележувањето на значајни празници и датуми за нашиот град. Исто така, земаат учество на повеќе натпревари, кои ги организира Општина Велес и поширокатa заедница.<br>- Училиштен спорт (пинг-понг, ракомет, одбојка, кошарка, фудбал). Преку оваа активност наставниците од стручниот актив по спорт и спортски активности, им нудат на учениците можности да тренираат и спортуваат и во тимски и во индивидуални спортови, во зависност од кондицијата, афинитетите и физичката конституција на учениците. Од оваа секција се селектираат ученици за училишните репрезентации кои се натпреваруваат во различни спортови во рамки на Училишниот спорт организиран од страна на Локалната самоуправа, но и натпревари организирани од спортските модерни педагошки пристапи за мобилизирање на младите луѓе активно да учествуваат во унапредувањето и заштитувањето на светското наследство. Учениците учествуваат во голем број културно - уметнички и спортски манифестации. Преку активно учество во воннаставните активности учениците ги афирмираат своите креативни потенцијали и конструктивно го поминуваат своето слободно време.<br>- Еколошката секција се грижи за докажаната хигиена во училипштето, на која навистина сме горди и ќе промовира здрав начин на живеење во чиста средина. Заедно со еко-патролите и одговорните наставници, постојано се врши анализа на состојбите на животната средина и реализирање на планот на еколошките активности и точките на акција од воспоставените екостандарди. Постигнатите резултати од учествата на натпревари, манифестации, саеми на виртуелни компании се објавуваат на facebook страната на училиштето |
| **1.4** | **Планирање на наставниците** | Индивидуални планирања на наставниците<br>Подршка и следење на планирањата на учениците<br>Размена на искуства и информации при палнирањето<br>Распоред на часови<br>Вклучување на еколошките содржини во индивидуалните планирања на наставниците,согласно еколошката програма |
| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | | **ЗАКЛОЧОК** |
| **➢Изготвени годишни и тематски планирања на наставниот кадар** | | Пред почетокот на секоја учебна година, а со цел квалитетна реализација на наставниот план и програма,наставниците изработуваат годишни глобални планирања, тематско - процесни планирања (изработени еднадо две седмици пред започнување на темата) и ги доставуваат до стручната служба, додека пак |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ **Дневни подготовки од наставниците (одделенска и предметна настава)**<br>➢ **Интервју со директор**<br>➢ **Интервју со педагошкопсихолошката служба**<br>➢ **Интервју со наставници**<br>➢**Евидентни листи на директорот и педагогот**<br>➢ **Записници од состаноци на стручните активи во училиштето**<br>➢ **Годишна програма за работа на училиштето** | | во текот нагодината изработуваат дневни подготовки во електронска или писмена форма.<br>Дневните подготовки наставниците ги изготвуваат секојдневно и тие ги содржат сите неопходни елементи зауспешна организација и реализација на часот.<br>Наставниците исто така изготвуваат програми за дополнителна настава, додатна настава, Еко-содржини одпроектот Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем, програма за примена наИКТ во наставата кои ги доставуваат уредно и навремено до директорот и стручната служба во електронска форма.<br>Педагошко-психолошката служба води евидентни листи за планирање, подготовка и следење на наставнитесодржини. Годишните програми на стручните активи ги следи директорот и стручната служба во текот нацелата учебна година. Во текот на учебната година од страна на директорот и стручната служба се вршипосета на часеви.<br>Во рамките на стручните активи, претседателите изготвуваат записници во кои се внесени планирањата иподготовки на наставниците. Целокупната работа на наставниците се одвива во тимови. Распоредот на<br>часови се изготвува од страна на наставници ,педагогот или психолог,почитувајќи го притоа најдобриот интерес на ученикот и притоа водејќи сметка за можностите и потребите на учениците, потребите напредметот и искористеноста на просторните капацитети. |
| **1.5** | **Наставен процес** | Наставни форми и методи<br>Избор на задачи,активности и ресурси<br>Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>Приод на наставникот кон учениците<br>Следење на наставниот процес |
| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | | **ЗАКЛУЧОК** |
| ➢ **Анкетен прашалник со наставници**<br>➢ **Инструменти од посетени часови**<br>➢ **Инструмент за следење на педагошката евиденција и документација**<br>➢ **Годишни, тематски и** | | Во реализирањето на наставата, наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа коишто се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Притоа, тие ги користат расположливите ресурси во училиштето. Користените методи се добро испланирани за да може да се работи со учениците во сите наставни форми: индивидуално, во парови, во групи или со цела паралелка, на овој начин, наставниците успешно ги развиваат вештините за учење кај секој ученик индивидуално, како и вештините за соработка и комуникација. Најчесто користени методи во наставниот процес се: метод на усно излагање, аналитичко |

| | | |
|---|---|---|
| **дневни планирања** | | – синтетички метод, дискусија, пребарување и истражување, како и метод на практична работа.<br>Наставниците ги планираат сите задачи и активности што треба да се реализираат во училиштето или дома, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. При реализацијата, како ресурси се користат: компјутер, печатач, училишна табла, текстови, стручна литература, весници и списанија, телевизор, географски и историски карти, линкови и др.<br>Учениците се запознаени со целите на наставата и учењето.<br>Во процесот на учење и поучување се применуваат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. На овој начин се гради доверба помеѓу наставникот и ученикот. Најчесто применувани методи во оваа насока се: поставување прашања, практична активност, самостојна изработка на проекти, оценување и поттикнување на самооценување, бура на идеи и др. За да се постигне пријатна и стимулативна работна атмосфера на часот, наставниците даваат јавни пофалби на активните и дисциплинираните ученици пред целата паралелка, а потоа истото се искажува и на наставничкиот совет.<br>При пристапот кон ученикот, сите наставници ја почитуваат неговата личност. Наставниците немаат стереотипи за машки и женски активности, а се трудат истата навика да им ја пренесат и на самите ученици. Исто така, подеднакво се применува оценувањето и кај машките, и кај женските ученици. Во нашето училиште еднакво се прифатени учениците од сите националности, религии и социјални групи.<br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час во првото и/или второто полугодие од учебната година, од страна на директор и стручна служба. Добиените резултати од секој увид на час, се разменуваат на ниво на стручен актив, со цел подобрување на наставниот процес.Наставницитередовно ги следат постигнувањата на учениците и ги евидентираат во училишниот и е-дневникот.<br>Родителите пак на родителските средби редовно се информираат за успехот на учениците |
| **1.6** | **Искуства на учениците од учење** | Средина за учење<br>Атмосвера за учење<br>Поттикнување на учениците за преземање одговорност |

| | | |
|---|---|---|
| | | Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | | **ЗАКЛУЧОК** |
| ➢ **Анкета за ученици**<br>➢ **Разговори со ученичката заедница,родители наставници**<br>➢ **Увид во ученички досиеја**<br>➢ **Увид во евиденција на стручната служба**<br>➢ **Програма за работа и извештаи на ученичката заедница**<br>➢ **Кодекс на однесување** | | Учениците и родителите сметаат дека во нашето училиште постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење.Тие сметаат дека училиштето низ организирани форми ги поттикнува и мотивира за меѓусебна соработка и соработка со други субјекти во училиштето.Наставниците најмногу ги вклучуваат учениците во наставата преку тоа што ги мотивираат самостојно да се истакнуваат, преку постојано прашување и преку изработка на проекти. Учениците можат да го искажат своето мислење пред наставниците за одделни прашања и проблеми. Учениците се охрабруваат да превземат одговорност и да се вклучат во наставата преку разговори, дискусии, работа во групи и парови, разни проекти, истражувања, учество на конкурси и натпревари.Учениците сметаат дека соработката меѓу учениците во училиштето и помеѓу учениците и наставниците задоволува .<br>Сите родители и ученици се изјаснија дека децата не се малтретирани во училиштето.Учениците и родителите се изјаснија дека пристапот на наставниците кон учениците е добар.<br>Учениците се охрабруваат да превземат одговорност и да се вклучат во наставата преку разговори, дискусии, работа во групи и парови, разни проекти, истражувања, учество на конкурси и натпревари.<br>Наставниците ги поттикнуваат учениците за преземање одговорност во реализацијата на еколошките проекти преку организирање на различни акции односно, собирање на Тетра Пак амбалажа, пластика, електронски отпад, хартија. Ги поттикнуваат со употреба на интересен приод кон решавање на зададените задачи и усвојување на истите преку истражување и игра,поврзување со секојдневниот живот.Наставниците се трудат да им биде интересно на часовите на учениците со примена на разни техники,методи и форми на работа.<br>Учениците сметаат дека има добра интеракција помеѓу нив и возрасните во училиштето(има почит и доверба ).Наставниците им даваат помош на учениците во совладување на некои содржини преку организирање дополнителна настава и преку групната работа заедно со соучениците. |

| | | |
|---|---|---|
| **1.7** | **Задоволување на потребите на учениците** | Идентификување на образовните потреби на учениците<br>Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | | **ЗАКЛУЧОК** |
| **➢ Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците**<br>**➢ Годишна програма за ИКТ**<br>**➢ Годишна програма за ИОП**<br>**➢Facebook страна на училиштето,**<br>**➢ Изложени трудови на учениците,**<br>**➢ Медиумско промовирање на постигањата на учениците,**<br>**➢ Одделенски дневник**<br>**➢ Дневни подготовки** | | Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Насочувањетоод страна на наставникот за извршување на задачите на часот од страна на учениците е различно. Пречкитево процесот на учење на секој ученик се решаваат со преземање активности (дополнителна настава).<br>Наставниците се обучени и ги користат компјутерите и интернетот во наставата. Се користат разни ресурси иприоди за учење и настава. На почетокот на учебната година секој наставник доставува годишна програма заИКТ во наставата која ќе ја користат во наставните содржини. Во училниците како и во холовите имаизложени трудови на учениците. Медиумски училиштето се промовира: преку учество во проектниактивности, организирани квизови, дебати, конкурси, натпревари. Различните потреби на учениците во врскасо учењето се задоволуваат преку натпревари, квизови, интерактивни и интегрирани активности, посета наразни институции, излети, екскурзии, презентации, учење по диференцијални нивоа. Се почитуваат одстрана на наставниците и други потреби на учениците: повторно објаснување на нејасни наставни содржини,по потреба се повторуваат тестовите на кои дел од учениците покажале послаби резултати, се прифаќаатоправдани извинувања за неспремност за одговарање на материјал, изнаоѓање начин на подобрувањеоценка со вложен труд и знаење, разбирање за отсуства, особено заради болест или учество на спортски и културни манифестации и се прави прилагодување на испрашувањето – проверувањето на знаењата во таанасока. |
| **1.8** | **Оценувањето како дел од наставата** | Училишна политика за оценување<br>Методи и форми за оценувањето<br>Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | | **ЗАКЛУЧОК** |
| **Програма за работа на училиштето;**<br>**Стандарди за оценување;**<br>**Увид во педагошка евиденција и документација;**<br>**Користени инструменти** | | Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето научениците. Критериумот на оценување на постигањата на учениците е според стандардите за оценување со кои учениците се запознаени по повеќето наставни предмети.<br>Најголем број на наставници користат разновидни методи за оценување. Најчесто застапени се тестовите на знаење на крајот од наставните теми. Се |

| | | |
|---|---|---|
| **за оценување(тестови на знаење, бодовни листи, чек листи);**<br>**Примери на оценети ученички трудови;**<br>**Прашалници за ученици и наставници;**<br>**Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;**<br>**Листи за следење и вреднување наработата наставникот за оценувањетона постигањата на учениците;** | | применуваат и чек листи за оценување на постигањата на учениците по теми, наставно ливче, усна повратна информација, меѓусебно оценување на учениците според претходно подготвен клуч од страна на наставникот. Оценката е сумативна од сите компоненти. Според искажувањата на учениците најчесто оценувањето е јавно и транспарентно. Сите наставниците за учениците од прво до трето одделение водат ученичко портфолио во кое систематски се следат постигањата за секој ученик во текот на учебната година.Учениците редовно добиваат повратна информација од наставниците за нивните постигања и насоки за нивно подобрување.<br>Училиштето има процедури за известување на родителите за напредокот на нивните деца и истите добро ги применува. Информациите за успехот на учениците родителите ги добиваат на родителски средби. Успехот на родителите им се соопштува преку евидентни листови за секој ученик одделно, а имаат можност и преку е - дневникот.Училиштето обрнува внимание на информирањето на родителите при изрекување на педагошки мерки, а функционира и Советувањето на родители согласно со закон. Изработен е распоред за приемни денови на наставниците за средби со родители. Истиот е истакнат на видно место во училиштето и се почитува од страна на наставниците. По потреба, наставниците остваруваат и неформални средби со родителите. |
| **1.9.** | **Сместување и просторен капацитет** | Просторни услови<br>Искористеност на просторните капацитети |
| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | | **ЗАКЛУЧОК** |
| **➢Годишна програма за работа на училиштето**<br>**➢План за развој на училиштето,**<br>**➢Записници од просветна и санитарна инспекција;**<br>**➢Полугодишен и годишен извештај;**<br>**➢Записници од работата на стручните активи**<br>**➢Анкети со наставници,директор,стручна служба;** | | Училиштето располага со една централна училишна зграда и три подрачни училишта.Во училиштето има 19 училници за изведување на одделенска настава и 15 кабинети во предметна настава.За реализирање на наставата во предметна настава опремени се соодветни кабинети. Училиштето располага и со една спортска сала,која во целост ги задоволува потребите на наставата по Физичко и здравствено образование. Големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките.Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на редовна настава. Постојат соодветни просторни услови за реализирање на настава и за работа на наставниот кадар. Единствен недостаток е немањето на простории за организирање на воннаставни активности,поливалентен простор. Училиштето ги подобрува условите за работа и покрај спомнатите недостатоци има јасен план и |

| | | |
|---|---|---|
| ➢**Увид во училишните простории;** | | распоред,максимално да ги искористи расположливите капацитети за изведување на настава и на воннаставните активности,со што ги задоволува потребите на учениците.Добро функционираат и санитарните јазли во училишната зграда.. Условите за изведување на наставата во подрачните училишта се добри,затоа што трите училишта се реновирани. |
| **1.10** | **Наставни средства и материјали** | Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>Училишна библиотека,потрошен материјал |
| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | | **ЗАКЛУЧОК** |
| **Увид во библиотечната евиденција<br>Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали** | | Училиштето делумно располага со разновидна стручна литература,наставни средства и помагала, други технички средства кои ги задоволуваат потребите на наставниците и учениците за реализирањето на воспитно-образовниот процес. Училишната библиотека делумно располага со литературни и лектирни изданија за потребите на учениците.Навремено се обезбедува потрошен материјал за реализација на целокупниот воспитно-образовен процес согласно со планот и програмата на училиштето.Училниците се опремени со компјутери и интернет конекција.Во подрачните училиште нема целосна компјутеризација и интернет конекција |

**РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО**

***Клучни јаки страни****:*

Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН и се реализираат во пропишаниот обем.

Наставниците навремено изготвуваат и доставуваат годишни и тематски процесни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи зауспешна реализација на часот .

Родителите се информирани за целите на Наставните планови и програми по сите предмети, што треба да се реализираат.

Во текот на учебната година најмалку два пати во годината се врши увид на час од страна на стручната служба и директороткајнаставниците.

Наставниот кадар е стручен, наставниците работат тимски и разменуваат меѓусебни искуства во однос на наставните програми

На учениците според наставниот план им е понуден избор од три наставни предмети.

Постои взаемна соработка меѓу наставниците и размена на искуства стекнати на семинари и на ниво на активи.

Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и редовно им даваат повратна информација на учениците занивните постигања.

Застапеност на разновидни воннаставни активности со учество на ученици од различна полова и етничка припадност.

Целото школо е покриено со интернет мрежа

***Слаби страни*:**

Дел од наставниците немаат посетено обуки за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата;
Расположивите нагледни средства, разновидна стручна литература, наставни средства и помагала,технички помагала во целост не гизадоволуваат потребите за реализација на наставата;
***Приоритети***:
Обезбедување средства за потребните нагледни средства и помагала, како и разновидна стручна литература за наставниците;

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Подрачје бр. 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ | | |
|---|---|---|
| **ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНАТА ГРУПА** | | **КООРДИНАТОР: д-р Мимоза Давчева**<br>1.Мери Ристовска<br>2.Томе Велинов<br>3.Светлана Јаќимовска<br>4.Миленка Мајсторска<br>5.Антонио Камев<br>6.Евдокија Никова<br>7.Виолета Петрушевска<br>8.Наташа Тодоровска |
| | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| 2.1 | Постигања на учениците | Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди;<br>Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата);<br>Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби;<br>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава;<br>Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование;<br>Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците;<br>Еднаква вклученост на учениците (од различен пол, етничка припадност, наставен јазик, посебни образовни потреби) во постигањата при реализација на еколошката програма; |
| 2.2 | Задржување/осипување на учениците | Опфат на учениците;<br>Редовност во наставата;<br>Осипување на учениците;<br>Премин на ученици од едно училиште во друго; |
| 2.3 | Повторување на учениците | Ученици кои не ја завршуваат годината; |
| 2.4 | Известување за напредокот на учениците | Известување на родителите за напредокот на учениците<br>Незаинтересирани и немоќни родители во однос со запознавање со критериумите за оценување |

| | | |
|---|---|---|
| 2.5 | Следење на напредокот на учениците | Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>Анализа на напредокот на учениците по паралелки |
| 2.6 | Промовирање и постигањата | Промовирање на личните постигања на учениците<br>Промовирање на постигањата во име на училиштето |

### *2.1 Постигања на учениците*

*Самоевалуација на училиштето*

| | |
|---|---|
| *ТЕМИ:* | Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди;<br>Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата);<br>Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби;<br>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава;<br>Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование;<br>Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците;<br>Еднаква вклученост на учениците (од различен пол, етничка припадност, наставен јазик, посебни образовни потреби) во постигањата при реализација на еколошката програма; |
| *Кои се извори и документи за увид* | Записници од наставнички совет на училиштето;<br>Статистички извештаи од стручната служба на училиштето;<br>Анкетни прашалници за ученици, родители и наставници;<br>Годишни планирања и распоред за реализирање додатна и дополнителна настава од наставниците во одделенска и предметна настава;<br>Ученички портфолија;<br>Анализи на успехот од одделенски совети;<br>Програма за дополнителна и додатна настава;<br>Годишна програма на училиштето;<br>Програма за интегрирање на екологијата во образовниот систем; |

| | |
|---|---|
| | Евидентни листови;<br>Училишни дневници; |
| ***Информации кои се собрани:*** | Училиштето ги следи постигањата на учениците, по сите наставни предмети во текот на целата учебна година.<br>Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и етничката припадност по квалификациони периоди, а во однос на етничка припадност нашите ученици се од македонска, турска, албанска, македонско - муслиманска и ромска националност.<br>За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби, индивидуални средби, е-дневник, давање на евидентни листови и свидетелства за постигнатиот успех и поведение. Постигањата се следат и при премин на учениците од едно во друго одделение**.**<br>За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари, обуки, вебинари, со што се постигнуваат резултати (активни методи на работа во групи, тимска работа, изведбени активности, разговор, презентација и демонстрација, употреба на ИКТ во наставата. Со тоа часовите се поинтересно организирани, комуникацијата е поголема и се остварува поголема помош од наставниците. Во врска со тоа се спроведени и анкети со учениците и наставниците и добиените резултати го потврдуваат искажаното. Во оценувањето се настојува примена на поголема транспарентност и формативно следење и оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност.<br>Учениците со потешкотии во учењето како и надарените ученици се идентификуваат од страна на наставниците (по секој наставен предмет) и со нив работат преку дополнителна односно додатна настава. По одредени наставни предмети, за материја за која наставникот смета дека не е доволно совладана од некои ученици со потешкотии се организира дополнителна настава. За ученици кои посебно се истакнуваат, преку додатна настава се спремаат за учество на натпревари. Посебна програма за работа со ученици со потешкотии во учењето и надарени деца на ниво на училиште нема.<br>Учениците со потешкотии во учењето се идентификуваат при упис во прво одделение и се следат во текот на учебната година во соработка со наставникот.<br>На почетокот на учебната година паралелно со распоредот на часовите постои и распоред за дополнителна и додатна настава и истиот е одлично осмислен и ги опфаќа сите предмети од предметна настава, а во одделенска настава секој наставник ја организира дополнителната и додатната настава спрема потребата. Секој наставник води пишана и електронска евиденција во е-дневникот за реализираната дополнителна и додатна настава и кои учениците се присутни. |

| | |
|---|---|
| | Во училиштето се води редовна евиденција на сите постигнувања на ученици кои достојно го претставуваат нашето училиште во сите натпреварувања организирани од МОН, БРО, Федерација за училишни спортови на Македонија и други друштва и организации од земјата. Евиденцијата ќе продолжи да се води и пооделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој од наставниците во училиштето. |
| **Анализа на анкетите:** | **<u>Анализа од резултатите добиени од анкета спроведена врз ученици</u>**<br>За изготвување на Извештајот за Самоевалуација за учебните 2019/20 и 2020/21 год. беше подготвен и зададен анкетен прашалник за ученици. Беа анкетирани 20 ученици и според нивните одговори добиени се следните резултати:<br>1.На тврдењето Училиштето има инструмент со кој ги следи постигнувањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди,од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 11 ученика или 55 %,делумно се согласиле 5 ученика или 25 %,и не се согласил 4 ученика или 20 %.<br>2. На тврдењето Училиштето има инструмент со кој ги следи постигнувањата на учениците според различен пол и етничка припадност и социјално потекло,од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 11 ученика или 55%,делумно се согласиле 3 ученика или 15% и не се согласиле 6 ученика или 30%.<br><br>3. На тврдењето Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат,од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 11 ученика или55 %,делумно се согласиле 8 ученика или 40 % и не се согласил 1 ученик со тврдењето или 5 %.<br>4. На тврдењето Училиштето има систем за идентификација на учениците кои имаат потешкотии во учењето,од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 11 родители или 55 %,делумно се согласиле 3 ученика или 15 % и 6 ученика не се согласуваат со тврдењето или 30%.<br>5. На тврдењето Училиштето има систем за идентификација на учениците со посебно образовни потреби,од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 11 ученика или 55%,делумно се согласиле 3 ученика или 15% и 6 ученика не се согласуваат со тврдењето или 30%.<br>6. На тврдењето Училиштето во текот на цела година по сите предмети организира дополнителна настава,од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 10 ученика или 50%,делумно се согласиле 9 ученика или 45% и не се согласил 1 ученик или 0,5 %.<br>7. На тврдењето Училиштето планира и превзема конкретни активности за постојано подобрување на постигнувањата на учениците,од вкупно 20 анкетирани ученика се |

| | |
|---|---|
| | согласиле 12 ученика или 60%, делумно се согласиле 8 ученика или 40 % и нема што не се согласиле .<br>8.На тврдењето Училиштето има стратегија за идентификување на надарени ученици и реализира додатна настава за тие ученици,од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 11 ученика или 55%,делумно се согласиле 5 ученика или 25% и не се согласиле 4 ученика или 20%.<br><br>9. На тврдењето Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование,од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 10 ученика или 50 %,делумно се согласиле 5 родители или 25% и 5 ученика не се согласуваат со тврдењето или 25%.<br>10. На тврдењето Во однос на утврдените разлики во постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование,училиштето превзема активности за нивно надминување,од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 8 ученика или 40%,делумно се согласиле 9 ученика или 45 % и 3 ученика не се согласуваат со тврдењето или 15 %.<br>11. На тврдењето Училиштето има податоци за обемот на ученици од локалната заедница и има осмислени акции за вклучување на сите ученици во наставниот процес, од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 13 ученика или 65%,делумно се согласиле 3 ученика или 15 % и не се согласиле 4 ученика или 20 %.<br>12. На тврдењето Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците,ги анализира причините за отсуство од наставата и превзема активности,од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 15 ученика или 75%,делумно се согласиле 4 ученика или 20% и 1 ученик не се согласуваат со тврдењето или 5%.<br>13. На тврдењето Училиштето ги анализира причините за напуштање на образованието и превзема конкретни активности,од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 13 ученика или 65%,делумно се согласиле 7 ученика или 35% и нема родители што не се согласуваат со тврдењето или 0%.<br>14. На тврдењето На ниво на општината се почитува реонизација за опфат на ученици, од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 10 ученика или 50 %,делумно се согласиле 9 ученика или 45% и не се согласиле 1 ученик или 5%.<br>15. На тврдењето Училиштето ја почитува постапката за премин од едно во друго училиште,ги бара и ги доставува значајните информации за извршување на трансферот,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 15 ученика или 75%,делумно се согласиле 3 ученика или 15% и не се согласиле 2 ученика или 10%. |

| | |
|---|---|
| | 16. На тврдењето Наставниот кадар е квалитетно подготвен за следење и поддршка на учениците со послаби постигнувања,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 13 ученика или 65%,делумно се согласиле 4 ученика или 20% и 3 ученика не се согласуваат со тврдењето или 15%.<br>17. На тврдењето Во училиштето постои советување на родители чии деца се со послаб успех и неоправдани изостаноци,од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 11 ученика или 55%,делумно се согласиле 4 ученика или 20% и 5 ученика не се согласуваат со тврдењето или 25%.<br>18. На тврдењето Повторувањето на учениците е поради нередовно доаѓање на училиште,од вкупно 20 анкетирани ученика се согласиле 14 ученика или 70%,делумно се согласиле 5 ученика или 25%,и не се согласил со тврдењето 1 ученик или 5%.<br>19. На тврдењето Наставните планови и програми се преобемни за возраста,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 15 ученика или 75%,делумно се согласиле 5 ученика или 25% и нема што не се согласиле ученици.<br>20. На тврдењето Повторување на ученици по основ неоценети,е поради семејно иселување во странство,од вкупно 20 анкетирани ученици се согласиле 15 ученика или 75%,делумно се согласил 1 ученик или 5% и не се согласиле 4 ученика или 20%.<br><br>**<u>Анализа од резултатите добиени од анкета спроведена врз родители</u>**<br>Анкетирани се вкупно 20 родители.<br>-На тврдењето Училиштето има инструмент со кој ги следи постигнувањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 18 родители или 90%,делумно се согласиле 1 родител или 5%,и не се согласил 1 родител или 5%.<br>-На тврдењето Училиштето има инструмент со кој ги следи постигнувањата на учениците според различен пол и етничка припадност и социјално потекло,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 13 родители или 65%,делумно се согласиле 4 родители ил 20% и не се согласиле 3 родители или 15%.<br>-На тврдењето Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 17 родители или 85%,делумно се согласиле 3 родители или 15% и нема родители што не се согласуваат со тврдењето или 0%.<br>-На тврдењето Училиштето има систем за идентификација на учениците кои имаат потешкотии во учењето,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 16 родители или |

| | |
|---|---|
| | 80%,делумно се согласиле 4 родители или 20% и нема родители што не се согласуваат со тврдењето или 0%.<br>- На тврдењето Училиштето има систем за идентификација на учениците со посебно образовни потреби,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 17 родители или 85%,делумно се согласиле 3 родители или 15% и нема родители што не се согласуваат со тврдењето или 0%.<br>-На тврдењето Училиштето во текот на цела година по сите предмети организира дополнителна настава,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 14 родители или 70%,делумно се согласиле 4 родители или 20% и не се согласиле 2 родители или 10%.<br>-На тврдењето Училиштето планира и превзема конкретни активности за постојано подобрување на постигнувањата на учениците,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 13 родители или 65%,делумно се согласиле 5 родители или 25% и не се согласиле 2 родители или 10%.<br>-На тврдењето Училиштето има стратегија за идентификување на надарени ученици и реализира додатна настава за тие ученици,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 11 родители или 55%,делумно се согласиле 7 родители или 35% и не се согласиле 2 родители или 10%.<br>-На тврдењето Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 17 родители или 85%,делумно се согласиле 3 родители или 15% и нема родители што не се согласуваат со тврдењето или 0%.<br>-На тврдењето Во однос на утврдените разлики во постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование,училиштето превзема активности за нивно надминување,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 14 родители или 70%,делумно се согласиле 6 родители или 30% и нема родители што не се согласуваат со тврдењето или 0%.<br>-На тврдењето Училиштето има податоци за обемот на ученици од локалната заедница и има осмислени акции за вклучување на сите ученици во наставниот процес, од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 17 родители или 85%,делумно се согласиле 2 родители или 10% и не се согласил 1 родител или 5%.<br>-На тврдењето Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците,ги анализира причините за отсуство од наставата и превзема активности,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 19 родители или 95%,делумно се согласил 1 родител или 5% и нема родители што не се согласуваат со тврдењето или 0%. |

| | |
|---|---|
| | -На тврдењето Училиштето ги анализира причините за напуштање на образованието и превзема конкретни активности,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 15 родители или 75%,делумно се согласиле 5 родители или 25% и нема родители што не се согласуваат со тврдењето или 0%.<br>-На тврдењето На ниво на општината се почитува реонизација за опфат на ученици, од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 11 родители или 55%,делумно се согласиле 5 родители или 25% и не се согласиле 4 родители или 20%.<br>-На тврдењето Училиштето ја почитува постапката за премин од едно во друго училиште,ги бара и ги доставува значајните информации за извршување на трансферот,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 14 родители или 70%,делумно се согласиле 3 родители или 15% и не се согласиле 3 родители или 15%.<br>- На тврдењето Наставниот кадар е квалитетно подготвен за следење и поддршка на учениците со послаби постигнувања,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 16 родители или 80%,делумно се согласиле 4 родители или 20% и нема родители што не се согласуваат со тврдењето или 0%.<br>-На тврдењето Во училиштето постои советување на родители чии деца се со послаб успех и неоправдани изостаноци,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 14 родители или 70%,делумно се согласиле 6 родители или 30% и нема родители што не се согласуваат со тврдењето или 0%.<br>-На тврдењето Повторувањето на учениците е поради нередовно доаѓање на училиште,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 13 родители или 65%,делумно се согласиле 6 родители или 30%,и не се согласил со тврдењето 1 родител или 5%.<br>-На тврдењето Наставните планови и програми се преобемни за возраста,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 12 родители или 60%,делумно се согласиле 4 родители или 20% и не се согласиле 4 родители или 20%.<br>-На тврдењето Повторување на ученици по основ неоценети,е поради семејно иселување во странство,од вкупно 20 анкетирани родители се согласиле 11 родители или 55%,делумно се согласиле 5 родители или 25% и не се согласиле 4 родители или 20%.<br>Графички приказ на резултатите од анкетниот прашалник: |




**Анализа од резултатите добиени од анкета спроведена врз наставници**

| | | |
|---|---|---|
| 1. а = 20 100% | б = 0 0% | в = 0 0% |
| 2. а = 15 75% | б = 5 25% | в = 0 0% |
| 3. а = 20 100% | б = 0 0% | в = 0 0% |
| 4. а = 18 90% | б = 2 10% | в = 0 0% |
| 5. а = 13 65% | б = 6 30% | в = 1 5% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. а = 18 90% | б = 2 10% | в = 0 0% |
| 7. а = 19 95% | б = 1 5% | в = 0 0% |
| 8. а = 14 70% | б = 6 30% | в = 0 0% |
| 9. а = 14 70% | б = 6 30% | в = 0 0% |
| 10. а = 13 65% | б = 7 35% | в = 0 0% |
| 11. а = 17 85% | б = 3 15% | в = 0 0% |
| 12. а = 20 100% | б = 0 0% | в = 0 0% |
| 13. а = 15 75% | б = 5 25% | в = 0 0% |
| 14. а = 6 30% | б = 11 55% | в = 3 15% |
| 15. а =19 95% | б = 1 5% | в = 0 0% |
| 16. а = 19 95% | б = 1 5% | в = 0 0% |
| 17. а = 17 85% | б = 3 15% | в = 0 0% |
| 18. а = 12 60% | б = 6 30% | в = 2 10% |
| 19. а = 13 65% | б = 6 30% | в = 1 5% |
| 20. а = 8 40% | б = 6 30% | в = 6 30% |

**ОПШТА ЗАЕДНИЧКА АНАЛИЗА**

1.На прашањето: **„Училиштето има инструмент со кој ги следи постигнувањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди“**
***а) се согласувам - наставници 100%; ученици 55%; родители 90%;***
***б) делумно се согласувам - наставници 0 %; ученици 25%; родители 5%;***
***в) не се согласувам - наставници 0%; ученици 20%; родители 5%***
2.На прашањето: **„Училиштето има инструмент со кој ги следи постигнувањата на учениците според различен пол и етничка припадност и социјално потекло“**
***а) се согласувам - наставници 75%; ученици 55 %; родители 65%;***
***б) делумно се согласувам - наставници 25%; ученици 15%; родители 20 %;***
***в) не се согласувам - наставници 0%; ученици 30%; родители 15%;***
3.На прашањето: **„Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат“**
***а) се согласувам - наставници 100%; ученици 55%; родители 75%;***
***б) делумно се согласувам - наставници 0%; ученици 40%; родители 15%;***
***в) не се согласувам - наставници 0%; ученици 5%; родители 0%;***
4.На прашањето: **„Училиштето има систем за идентификација на учениците кои имаат потешкотии во учењето“**
***а) се согласувам - наставници 90%; ученици 55%; родители 80%;***
***б) делумно се согласувам - наставници 10%; ученици 15%; родители 20%;***
***в) не се согласувам - наставници 0%; ученици 30%; родители 0%;***
5.На прашањето: **„Училиштето има систем за идентификација на учениците со посебни образовни потреби“**
***а) се согласувам - наставници 65%; ученици 55%; родители 85%;***
***б) делумно се согласувам - наставници 30%; ученици 15%; родители 15%;***
***в) не се согласувам - наставници 5%; ученици 30%; родители 0%;***
6.На прашањето: **„Училиштето во текот на цела година по сите предмети организира дополнителна настава“**
***а) се согласувам - наставници 90%; ученици 50%; родители 70%;***
***б) делумно се согласувам - наставници 10%; ученици 45%; родители 20%;***
***в) не се согласувам - наставници 0%; ученици 5%; родители 10%;***

| | |
|---|---|
| | 7.На прашањето: **„Училиштето планира и превзема конкретни активности за постојано подобрување на постигнувањата на учениците“**<br>***а) се согласувам - наставници 95%; ученици 60%; родители 65%;***<br>***б) делумно се согласувам - наставници 5%; ученици 40%; родители 25%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 0%; ученици 0%; родители 10%;***<br>8.На прашањето: **„Училиштето има стратегија за идентификување на надарени ученици и реализира додатна настава за тие ученици“**<br>***а) се согласувам - наставници 70 %; ученици 55%; родители 55%;***<br>***б) делумно се согласувам - наставници 30%; ученици 25%; родители 35%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 0%; ученици 20%; родители 10%;***<br>9.На прашањето: **„Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование“**<br>***а) се согласувам - наставници 70%; ученици 50%; родители 85%;***<br>***б) делумно се согласувам - наставници 30%; ученици 25%; родители 15%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 0%; ученици 25%; родители 0%;*** |
| **Јаки страни:** | Училиштето има инструменти со кои ги следи постигањата на учениците по наставни предмети и квалификациони периоди;<br>Училиштето има инструмент со кој ги следи постигнувањата на учениците според различен пол и етничка припадност и социјално потекло<br>Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат<br>Училиштето има систем на идентификација на ученици кои имаат потешкотии во учењето,<br>Училиштето има систем за идентификација на учениците со посебни образовни потреби<br>Училиштето има систем за идентификација на учениците со посебни образовни потреби<br>Училиштето во текот на цела година по сите предмети организира дополнителна настава<br>Училиштето планира и превзема конкретни активности за постојано подобрување на постигнувањата на учениците<br>Училиштето има стратегија за идентификување на надарени ученици и реализира додатна настава за тие ученици<br>Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование |
| **Слаби страни:** | / |
| **ПРИОРИТЕТИ:** | / |

*2.2 Задржување/осипување на учениците*

*Самоевалуација на училиштето*

| | |
|---|---|
| *ТЕМИ:* | Опфат на учениците;<br>Редовност во наставата;<br>Осипување на учениците;<br>Премин на ученици од едно училиште во друго; |
| *Кои се извори и документи за увид* | Статистички извештаи од стручната служба на училиштето;<br>Анкетни прашалници за ученици, родители и наставници;<br>Главни книги;<br>Преведници; |
| ***Информации кои се собрани:*** | При уписот на учениците во прво одделение се настојува во однос на реонизацијата учениците да бидат максимално опфатени. За таа цел се преземаат различни активности (посети на семејства, изработка на рекламен флаер, посета на градинките и посета во училиштето од страна на децата од градинките).<br>Редовно се врши евидентирање на секое отсуство на учениците како во пишан дневник така и во е-дневник и во зависност од причините за отсуство изостаноците се регистрират како оправдани или неоправдани.<br>На секој одделенски совет се известува за бројот на оправдани и неоправдани изостаноци а според зачестеноста на истите кај одредени ученици, педагошко-психолошката служба превзема соодветни педагошки мерки во согласност со законот за основно образование и статутот на училиштето и истите се евидентираат во записникот од Наставничкиот совет, во пишаниот и електронскиот дневник, а одделенскиот раководител ги информира учениците и родителите за истите.<br>Исто така се повикуваат родителите по писмен пат, навремено да се информираат за отсуството на ученикот, а доколку учениците имаат повеќе неоправдани изостаноци и повеќе слаби оцени, психологот со посебни покани, ги повикува родителите на две групни средби и советувања за да се надминат проблемите околу истите, за кои се прават и посебни записници. |
| **Анализа на анкетите:** | **<u>Анализа на анкета спроведена врз наставници, ученици и родители</u>** |

| | |
|---|---|
| | 10.На прашањето: **„Во однос на утврдените разлики во постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование, училиштето презема активности за нивно надминување“**<br>***а) се согласувам - наставници 65 %; ученици 40%; родители 70%;***<br>***б) делумно се согласувам - наставници 35%; ученици 45%; родители 30%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 0%; ученици 15%; родители 0%;***<br>11.На прашањето: **„Училиштето има податоци за обемот на ученици од локалната заедници и има осмислени акции за вклучување на сите ученици во наставниот процес“**<br>***а) се согласувам - наставници 85%; ученици 65%; родители 85%;***<br>***б) делумно се согласувам - наставници 15%; ученици 15%; родители 10%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 0% ; ученици 20% ; родители 5%;***<br>12.На прашањето: **„Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности“**<br>***а) се согласувам - наставници 100%; ученици 75%; родители 95%;***<br>***б) делумно се согласувам - наставници 0%; ученици 20%; родители 5%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 0%; ученици 5%; родители 0% ;***<br>13.На прашањето: **„Училиштето ги анализира причините за напуштање на образованието и презема конкретни активности“**<br>***а) се согласувам - наставници 75%; ученици 65%; родители 75%;***<br>***б) делумно се согласувам - наставници 25%; ученици 35%; родители 25%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 0% ; ученици 0%; родители 0% ;***<br><br>14.На прашањето: **„На ниво на општината се почитува реонизација за опфат на ученици“**<br>***а) се согласувам - наставници 30%; ученици 50%; родители 55%;***<br>***б) делумно се согласувам - наставници 55%; ученици 45%; родители 25%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 15%; ученици 5%; родители 20%;***<br>15.На прашањето: **„Училиштето ја почитува постапката за премин од едно во друго училиште, ги бара и ги доставува значајните информации за извршување на трансферот“**<br>***а) се согласувам - наставници 95%; ученици 75%; родители 70%;***<br>***б) делумно се согласувам - наставници 5%; ученици 15%; родители 15%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 0% ; ученици 10%; родители 15% ;*** |

| | |
|---|---|
| **Јаки страни:** | Во однос на утврдените разлики во постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование, училиштето презема активности за нивно надминување<br>Училиштето има податоци за обемот на ученици од локалната заедници и има осмислени акции за вклучување на сите ученици во наставниот процес<br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности<br>Училиштето ги анализира причините за напуштање на образованието и презема конкретни активности<br>Училиштето ја почитува постапката за премин од едно во друго училиште, ги бара и ги доставува значајните информации за извршување на трансферот |
| **Слаби страни:** | На ниво на општината се почитува реонизација за опфат на ученици |
| **ПРИОРИТЕТИ:** | **Почитување на реонизација за опфат на ученици** |

*2.3*

*Повторување на учениците*

*Самоевалуација на училиштето*

| *ТЕМИ:* | *Ученици кои не ја завршуваат годината* |
|---|---|
| *Кои се извори и документи за увид* | Статистички извештаи од стручната служба на училиштето;<br>Анкетни прашалници за ученици, родители и наставници;<br>Главни книги;<br>Преведници;<br>Податоци од одделенски раководители, одделенски дневници; |
| ***Информации кои се собрани:*** | Во учебната 2019/2020 година нема ученици што повторувале, а неоценети биле 14 ученици. Причините за повторување и неоценетост на учениците се поради нередовно следење на наставата, (заминување во странство на неколку месеци), загрозена социјална состојба на родителите, ниско ниво на образование кое најчесто е неоформено, како и нарушување на воспитната компонента од страна на родителите. |

| | |
|---|---|
| | Учениците со една, две и три слаби во текот на годината биле повикувани на дополнителна настава. Со родителите на тие ученици е разговарано и предочено за слабостите и пропустите во стекнување на знаењата. Тие ученици воглавно ги поправиле слабите оценки и го подобриле успехот на крајот од годината.<br>Наставниците во текот на учебната година детектираат и навремено сигнализираат до стручната служба ученици кои потенцијално би можеле да ја повторуваат годината. Притоа, координирано меѓу наставниците и стручната служба се преземаат низа мерки за надминување на таквата можност.<br>За учениците кои имаат послаби постигнувања, од страна на психологот редовно се реализира Програма за советување на родители, индивидуална поддршка на учениците и нивно вклучување во дополнителна настава. |
| **Анализа на анкетите:** | **<u>Анализа на анкета спроведена врз наставници, ученици и родители</u>**<br>16.На прашањето: **„Наставниот кадар е квалитено подготвен за следење и поддршка на учениците со послаби постигнувања“**<br>***а) се согласувам - наставници 95%; ученици 65%; родители 80%;***<br>***б) делумно се согласувам - наставници 5%; ученици 20%; родители 20%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 0% ; ученици 15%; родители 0%;***<br>17.На прашањето: **„Во училиштето постои советување на родители чии деца се со послаб успех и неоправдани изостаноци“**<br>***а) се согласувам - наставници 85%; ученици 55%; родители 70%;***<br>***б) делумно се согласувам - наставници 15%; ученици 20%; родители 30%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 0%; ученици 25% ; родители 0%;***<br>18.На прашањето: **„Повторувањето на учениците е поради нередовно доаѓање на училиште“**<br>***а) се согласувам - наставници 60%; ученици 70%; родители 65%;***<br>***б) делумно се согласувам - наставници 30%; ученици 25%; родители 30%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 10%; ученици 5%; родители 5%;***<br>19.На прашањето: **„Наставните планови и програми се преобемни за возраста“**<br>***а) се согласувам - наставници 65%; ученици 75%; родители 60%;***<br>***б) делумно се согласувам - наставници 30%; ученици 25%; родители 20%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 5% ; ученици 0%; родители 20%;***<br>20.На прашањето: **„Повторување на ученици по основ неоценети, е поради семејно иселување во странство“**<br>***а) се согласувам - наставници 40%; ученици 75%; родители 55%;*** |

| | |
|---|---|
| | ***б) делумно се согласувам - наставници 30%; ученици 5%; родители 25%;***<br>***в) не се согласувам - наставници 30%; ученици 20%; родители 20%;*** |
| **Јаки страни:** | Наставниот кадар е квалитено подготвен за следење и поддршка на учениците со послаби постигнувања;<br>Во училиштето постои советување на родители чии деца се со послаб успех и неоправдани изостаноци; |
| **Слаби страни:** | Повторување (неоценување) на учениците поради нередовно доаѓање на училиште<br>Наставните планови и програми се преобемни за возраста<br>Повторување на ученици по основ неоценети, е поради семејно иселување во странство |
| **ПРИОРИТЕТИ:** | **Подобрување на соработката со родители на ученици кои повторуваат или се неоценети;** |

*2.4*

*Известување за напредокот на учениците*

*Самоевалуација на училиштето*

| | |
|---|---|
| *ТЕМИ:* | Известување на родителите за напредокот на учениците<br>Незаинтересирани и немоќни родители во однос со запознавање со критериумите за оценување |
| *Кои се извори и документи за увид* | Електронски дневник;<br>Педагошка евиденција и документација;<br>Анкетен прашалник за наставници;<br>Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>Евидентни листови.<br>Свидетелства;<br>***Дипломи*** |
| ***Информации кои се собрани:*** | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за |

| | |
|---|---|
| | подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, родителски состаноци кои се одржуваат најмалку четирипати годишно и индивидуални средби со родителите. На овие средби се разговара за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, за неопходноста од научно знаење, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивни црти на личноста**.** Родителите добиваат и пишани документи за напредокот на учениците. На почетокот на секоја учебна година, се започнува со електронска евиденција на постигањата на учениците т.е. водење на електронски дневник. Со пристап во е- дневникот секој родител може лесно да биде информиран за оценките и редовноста на своето дете, писмените работи и тестовите на знаење, поведението итн.<br>Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, одржува и психологот и притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на овој проблем |
| **Анализа на анкетите:** | **<u>Анализа на анкета спроведена врз наставници, родители и ученици</u>**<br>Во училиштето се спроведе анкета со наставници, родители и ученици анализата од резултатите се наоѓа погоре во индикаторот задоволување на потребите на учениците.<br>Добиени се следниве јаки и слаби страни: |
| **Јаки страни:** | Училиштето има инструменти со кои ги следи постигањата на учениците по наставни предмети и квалификациони периоди;<br>Училиштето има инструмент со кој ги следи постигнувањата на учениците според различен пол и етничка припадност и социјално потекло<br>Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат<br>Училиштето има систем на идентификација на ученици кои имаат потешкотии во учењето,<br>Училиштето има систем за идентификација на учениците со посебни образовни потреби<br>Училиштето има систем за идентификација на учениците со посебни образовни потреби<br>Училиштето во текот на цела година по сите предмети организира дополнителна настава<br>Училиштето планира и превзема конкретни активности за постојано подобрување на постигнувањата на учениците<br>Училиштето има стратегија за идентификување на надарени ученици и реализира додатна настава за тие ученици<br>Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование |

| | |
|---|---|
| | Во однос на утврдените разлики во постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование, училиштето презема активности за нивно надминување<br>Училиштето има податоци за обемот на ученици од локалната заедници и има осмислени акции за вклучување на сите ученици во наставниот процес<br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности<br>Училиштето ги анализира причините за напуштање на образованието и презема конкретни активности<br>Училиштето ја почитува постапката за премин од едно во друго училиште, ги бара и ги доставува значајните информации за извршување на трансферот<br>Наставниот кадар е квалитено подготвен за следење и поддршка на учениците со послаби постигнувања;<br>Во училиштето постои советување на родители чии деца се со послаб успех и неоправдани изостаноци; |
| **Слаби страни:** | На ниво на општината се почитува реонизација за опфат на ученици<br>Повторување (неоценување) на учениците поради нередовно доаѓање на училиште<br>Наставните планови и програми се преобемни за возраста<br>Повторување на ученици по основ неоценети, е поради семејно иселување во странство |
| **ПРИОРИТЕТИ:** | **Почитување на реонизација за опфат на ученици**<br>**Градење на поголем мост и подобрување на соработката со родителите на ученици кои покажуваат послаб успех, повторуваат или се неоценети** |

| | |
|---|---|
| *ТЕМИ:* | **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>**Анализа на напредокот на учениците по паралелки** |
| *Кои се извори и документи за увид* | ***Програма за работа на училиштето***<br>***Правилник за оценување на напредокот на учениците***<br>***Интерен правилник за оценување***<br>***Усогласени стандарди и критериуми за оценување***<br>***Примери на оценети трудови на учениците***<br>***Контролни и писмени работи***<br>***Евидентни листови за успехот и поведението***<br>***Свидетелства за завршено одделение***<br>***Листи за оценки од екстерно тестирање***<br>***Записници од стручни активи и наставнички совети***<br>***Етички кодекс за оценување прифатен од родителите, наставниците и ученици*** |
| ***Информации кои се собрани:*** | - Училиштето го следи напредокот на учениците, по сите наставни предмети во текот на целата учебна година. Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и етничката припадност по квалификациони периоди.<br>При следењето на воспитно-образовната дејност во училиштето особено внимание се посветува на квалитетот на подготвување на глобалните, тематските и дневните планирања во наставата, како и дидактичко-методскиот квалитет на наставните часови при што се забележува тековното напредување и се прават забелешки при отстапувањето од зададениот план. Се земаат во предвид можностите на учениците и нивните способности во дневното планирање. Напредокот на учениците покрај од наставниците следен е и од стручните соработници на училиштето кои соработуваат со наставниците и помагаат во изготвувањето на објективните тестови на знаења. Наставниците континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците преку различни методи и инструменти. Учениците се вклучени во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување.<br>Наставниците континуирано дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата во наставата.Тие целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и унапредат планирањето на наставата. За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари со што се постигнуваат резултати (активни методи на работа во групи, тимска работа, изведбени активности, разговор, презентација и демонстрација, употреба на ИКТ во наставата). Со |

| | |
|---|---|
| | тоа часовите се поинтересно организирани, комуникацијата е поголема и се остварува поголема помош од наставниците. Во училиштето се води редовна евиденција на сите постигнувања на ученици. Евиденцијата ќе продолжи да се води и поодделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој од наставниците во училиштето.<br>Следењето и вреднувањето на наставата се изведува утврдено со законот преку посета на часови и со користење на инструменти за следење и вреднување на наставниот час, како и инструмент за вреднување на планирањата на наставниците. Поддршката на наставниците се постигнува со стручно усовршување и обука преку посета на семинари, стручни предавања, отворени часови итн.<br>Листи од резултатите од екстерното оценување на учениците се истакнуваат јавно во училишните простории и им се достапни на родителите. Тие имаат право во рок од три дена да поднесат приговор за одредена оцена. Училиштето има изготвено интерен правилник за оценување со усогласени стандарди и критериуми со кој учениците и родителите се целосно запознати.<br>Напредокот на учениците се следи преку формативно оценување со тоа што од прво до шесто одделение деветгодишно образование се евидентира описно, односно од прво до трето на секој класификационен период, а од четврто до шесто на крајот од прво и трето тримесечие. Учениците од четврто до деветто одделение се оценуваат бројчано на крајот на првото полугодие и на крај на учебната година.<br>Напредокот и постигнувањата на учениците се следат преку најразлични форми, методи и техники на формативно и сумативно оценување и преку: тестови на знаења на учениците, контролни задачи, наставни листови, писмени работи, работни листови, и усни одговори- дадени од страна на учениците. Учениците кои имаат потешкотии во однос на постигнувањето на знаењата, задолжително посетуваат дополнителна настава. Додека оние ученици кои покажуваат значителни резултати посетуваат додатна настава. Нашите ученици, се подготвуваат и постигнуваат големи успеси и на натпреварите, кои се реализираат на ниво на училиште, општина, град, држава. За размена на искуства и знаења се реализираат и отворени часови. |
| **Анализа на анкетите:** | **<u>Анализа на анкета спроведена врз наставници, родители и ученици</u>**<br>Во училиштето се спроведе анкета со наставници, родители и ученици анализата од резултатите се наоѓа погоре во индикаторот задоволување на потребите на учениците. Добиени се следниве јаки и слаби страни: |
| **Јаки страни:** | Училиштето има инструменти со кои континуирано се следи напредокот на учениците по наставни предмети и квалификациони периоди;<br>По завршувањето на секој класификационен период се врши споредување на успехот со претходните години |

| | |
|---|---|
| | При оценувањето се користат стандарди и критериуми за оценување со кои се информирани и самите родители;<br>Сите ученици независно од полот, етничка припадност и социјално потекло се еднакво подложни на воспитување од училиштето;<br>Се води редовна евиденција за напредокот на учениците и навремено информирање на родителите за напредокот на нивните деца;<br>Се води редовно одржување на родителски средби , приемни денови и индивидуални средби со родителите;<br>Достапност на евиденција за напредокот на учениците на сите (родители, ученици и наставници) со воведување во функција на Е - дневник<br>Критериуми за избор на првенец на генерација; |
| **Слаби страни:** | Спроведување на поголем број активности кои ќе придонесат за развивање претприемнички вештини кај учениците;<br>Недоволна вертикална корелација и соработка мегу одделенските и предметните наставници и споделување на тешкотиите и надминување на истите |
| **ПРИОРИТЕТИ:** | **Подобрување на веритикалната корелација и соработка меѓу одделенските и предметните наставници** |

*2.5.*

*Следењење на напредокот на учениците*

*2.6.Промовирање на постигањата*

*Самоевалуација на училиштето*

| *ТЕМИ:* | Промовирање на личните постигања на учениците<br>***Промовирање на постигањата во име на училиштето*** |
|---|---|
| *Кои се извори и документи за увид* | Годишна програма за работа на училиштето<br>Изложени трудови на учениците |
| ***Информации кои се собрани:*** | Училиштето посветува особено внимание на личните постигањата на учениците и тоа им го овозможува, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности, преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, |

| | |
|---|---|
| | ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. Училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата во име на училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.<br><br>**Промовирање на личните постигања на учениците**<br>Училиштето презема активност за да ги промовира постигањата на учениците. Прави план за евалуација, во него се определени критериумите, инструментите, динамиката и носителите на активностите во кој се следи успешноста на реализирање на поставените цели.<br>За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи на работа, стекнати од посетите на семинари и обуки, како што се активни методи на работа во групи, тимска работа, изведбени активности, разговор , презентација и демонстрација, употреба на ИКТ во наставата. Со тоа часовите се интересно организирани, комуникацијата наставник-ученик е голема, креативноста на учениците и наставниците е на повисоко ниво, со еден збор учениците активно се вклучени во креирањето на часовите. Во врска со тоа се спроведени и анкети со учениците и наставниците и добиените резултати го потврдуваат искажаното. Во оценувањето со примена на формативно следење и оценување на учениците се придонесува за поголема објективност и праведност.<br>Учествувањата и постигањата, успесите во натпреварите на учениците е како резултат на залагањата на наставниот кадар.<br>Училиштето на крајот од учебната година избира првенец на генерацијата според однапред утврдени правила на бодување, каде се вреднуваат континуираниот одличен успех, учествата и наградите на регионални и државни натпревари.<br>Трудовите од учениците се истакнати во училниците .<br>Училиштето има Годишен извештај и во него се внесени постигнатите резултати од натпреварите.<br>**Промовирање на постигањата во име на училиштето**<br>Училиштето има изградено начин на промовирање на личните и постигнувањата на учениците во рамките на учуилиштето и во пошироката локална среидна преку социјалните мрежи, локалните медиуми. По повод Патрониот празник на училиштето планираше да се претстави со пригодна програма пред родителите и претставници од пошироката општествена заедница, на меѓуучилишни спортски натпревари и други манифестации, но пандемиската ситуација со ковид-19 беше препрека за сите планирања по тој повод. Училиштето редовно ги промовира своите знаења и постигања преку разни учествувања во различни конкурси, натпревари, преку освојувања награди и признанија. |

| | |
|---|---|
| **Анализа на анкетите:** | Родителите се согласуваат дека училиштето води грижа за постигањата на учениците, и дека навремено се добиваат информации за работата и случувањето воучилиштето, и за успехот и постигнувањата на нивните деца.<br>Учениците се согласуваат дека во училиштето редовно се пофалуваат и истакнуваат позитивните постигнувањата на учениците<br>Учениците сметаат дека училиштето води грижа за постигнувањата на учениците и се согласуваат дека наставникот овозможува позитивна, поттикнувачка и опуштена атмосфера за работа.<br>Учениците воглавно се согласуваат дека наставниците ги поттикнуваат учениците слободно да ги искажуваат своите ставови. |
| **Јаки страни:** | ***Училиштето редовно ги промовира постигањата преку училишна брошура, социјалните мрежи и локалните медиуми***<br>Се доделуваат благодарници и пофалници за учества и постигања |
| **Слаби страни:** | ***Поголемо промовирање на постигањата на училиштето и креирање училишен весник*** |
| **ПРИОРИТЕТИ:** | **Создавање и изработка на училишен весник за промоција на постигнувањето на училиштето.**<br>**Промовирање на училиштето на републичко и меѓународно ниво преку соработка (побратимување) со училишта од други земји од регионот** |

## Подрачје 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар

| ПОДРАЧЈЕ 3 | ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТА, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДНИОТ КАДАР |
|---|---|
| **ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНА ГРУПА** | **Координатор:**<br>**Христина Алчева**<br>Валентина Јурукова<br>Владимир Колевски<br>Марјан Тодоров<br>Даниела Трендафилова<br>Валентина Јовева |
| **БР. 1 ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| **3.1 Обезбедување на потребниот наставен кадар** | **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>**Ефикасност и распоредување на кадарот**<br>**Стручната служба како подршка на наставниот кадар** |
| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
| Закон за основно образование<br>Статут на ООУ„Панко Брашнаров“<br>Список на вработен наставен кадар во училишето<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Досие на вработени<br>Разговор со стручна служба и наставници<br>Правилник за систематизација 2020/2021<br>Норматив за наставен кадар од наставните планови и програми | **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>Училиштето има доволен број на вработени кои се соодветно распоредени за непречено реализирање на воспитно – образовниот процес. Од 80 вработени во училиштето наставниот кадар го сочинуваат 58 лица. Според полот 12 машки и 46 женски. По националност има 57 македонска националност, 1 од турска националност. Според степенот на образование - 53 наставника се со високо и 5 со вишо образование кои според структурата и степенот на образование се во согласност со Законот за основно образование и нормативите за работа. Во училиштето има: еден педагог, два психолога, еден административен работник, еден библиотекар, еден директор, 12 хигиеничари, еден домаќин економ, еден хаус мајстор, еден ноќен чувар. Работните обврски и задачи на вработените редовно се извршуваат а нивната работа се следи од страна на директорот и стручната служба. |

| | |
|---|---|
| Интервју со директор<br>Интервју со секретар | **Ефикасност и распоредување на кадарот**<br>Наставниот кадар е групиран во четири стручни активи ( еден во одделенска и три во предметна настава) кои како тимови совесно и успешно ги разменуваат своите исуства и придонесуваат за ефективна работа.<br>Наставниот кадар според стручната подготовка соодветствува на критериумите пропишани со Законот за основно образование. Наставниците поседуваат квалификации, искуства и вештини стекнати низ процесот на нивното стручно оспособување. Со своето знаење и стручност како и континуираното надоградување преку следење на семинари и обуки придонесуваат за перманентно зголемување на ефикасноста во реализирацијата на наставата.Наставниците со подолго работно искуство им помагаат на своите помлади колеги за поуспешно реализирање на воспитно – образовниот процес.<br>Врз основа на резултатите од спроведеното интервју со директорот се заклучи дека најважен критериум за вработување на наставник е исполнување на условите согласно Нормативот за наставен кадар. При вработување на наставниците се врши интервју со кандидатот, се прави тест за познавање на мајчиниот јазик и се бодира според бодовна листа во која спаѓаат: просек од диплома, тест за познавање на мајчин јазик, дали има положен стручен испит и прашалник (интервју).<br>При распределбата на часови, се внимава таа да биде рамномерна, сите наставници да добијат полн фонд на часови, а поделбата на работните задачи се прави според компетентноста, стручноста на наставниците и потребите на училиштето, односно систематизацијата се прави согласно законот за основно и средно образование.<br>Во случај на пократко отсуство на наставниот кадар наставниот процес се организира така што часовите ги превзема стручната служба (педагог), а кога се работи за подолго отсуство, се доставува Барање за согласност до Општината за испраќање на соодветен стручен наставен кадар.<br>Во училиштето се води евиденција за присутноста на наставниот кадар од страна на директорот и стручните служби.<br>Од интервјуто со секретарот на училиштето констатирано е дека се почитува законот, правилниците и нормативите во врска со распоредувањето и работата на наставниот кадар. Досиеа за вработени стојат во документацијата кај секретарот и по потреба се дополнуваат и ажурираат. |

| | |
|---|---|
| | **Стручната служба како поддршка на наставниот кадар**<br>Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организирање на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблеми на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош на учениците. Стручните соработници им пружаат помош на наставниците во планирањето и организацијата на наставата, како и при следењето на постигањата на ученици. |
| БР. 2 ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ | ТЕМИ |
| **3.2 Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | **Професионален развој на наставниците** |
| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
| Професионално досие<br>Наставничко портфолио<br>Анкети на наставници<br>Анкета на родители<br>Разговор со директор и стручна служба | **Професионален развој на наставниците**<br>Професионалниот развој на наставниот кадар е егзистенцијална категорија во едукативната практика.Тој е перманентен, интегративен процес во насока на долготрајно учење и практична работа. Преку овој тековен развој наставниците ја осознаваат и имплементираат сложеноста на својата мултидимензионална улога која преку своите рефлективни вештини ја анализираат и ја насочуваат кон подобрување на сопствената практична настава.<br>Основна карактеристика за професионален развој е поседување висок степен на развиеност на педагошка култура, а во насока на пренесување на истата на сите учесници во училиштето.<br>Во оваа смисла за сложеноста, комплексноста на ова подрачје извршено е истражување–анкетирање на наставници и родители со цел испитување на ставовите за потребата и примената на професионалниот развој на наставниците, стручната служба и раководниот орган.<br>Според анализите добиени од анкетата на родителите, истите речиси во целост се согласуваат дека училиштето располага со соодветен наставен кадар за реализирање на |

| | |
|---|---|
| | воспитно-образовниот процес кој навремено се обезбедува и ги прифаќа тековните промени во насока на подигнување на квалитетот на образовниот процес.<br>Анализите добиени од анкетата за наставници укажуваат дека стручната служба дава голема и целосна поддршка на наставниците, учениците и родителите особено во поглед на организацијата и планирањето на наставата, идентификување на проблеми и нудење на решенија за нивно надминување, подготовка на инструменти за следење на постигнувањата....<br>Професионалниот развој е важен двигател и е од посебно значење за наставниците кои во голема мера според истражувањата го препознаваат неговото влијание и воочуваат колку е значаен истиот врз ефективноста и продуктивноста во работата.<br>Училиштето континуирано обезбедува поддршка за подобрување на професионалните компетенции на наставниците преку посета на семинари и обуки одржани од страна на БРО и релевантни институции. Особено е транспарентно при вклучување на наставниците во проекти и обуки и поаѓа од детектирање на потребите при нивниот избор и вклучување. Наставниците посетуваат различни внатрешни и надворешни обуки и ги дисеминираат стекнатите знаења на различни начини, односно училиштето има воспоставено систем на дисеминација на стекнатото знаење добиено преку обуки за наставниците.<br>Наставниците изготвуваат свој личен план за професионален развој ЛППР, во кој ги планираат компетенциите кои би сакале да ги усовршат и вршат перманентно ажурирање на нивните портфолија за професионален развој. Во училиштето се применуваат инструменти за следење на стекнатите знаења од стручното усовршување на вработените.<br>Анализата покажува дека главен мотив на наставниците е работата со деца која подразбира помагање, развивање етички идеали, решавање проблемски ситуации, љубовта кон нив и пренесувањето на знаење, успехот на учениците како и интересот на децата за нови знаења.<br>Од извршената анкета, може да се заклучи дека поголемиот дел од анкетирани наставници смета дека компјутерската опрема и технолошката опременост со која располага училиштето, не ги задоволува во целост потребите за целосно реализирање на наставата со примена на ИКТ. Постои потреба од подобра опременост со нагледни средства и помагала, стручна литература и потрошен материјал, за уште поуспешна реализација на наставните програми. Од тука, произлегува и потребата за зголемување на овие материјално технички ресурси. |

| | |
|---|---|
| | Анализите добиени од анкетата за директор укажуваат дека училишниот менаџер поседува низа квалитети, атрибути како искреност, праведност, доверливост, авторитативност, уредност, кретивност. Редовно одржува состаноци со вработените. При давање на насоки е јасен, недовосмислен, целосен, а како примач на пораки е добар слушател, приемчив, посветува внимание, прифаќа сугестии. Добрата комуникација на училишниот менаџер/директор со вработените овозможува нивна мотивација за ефективно работење. Целосно ја поддржува и поттикнува кај вработените тимската работа, а тоа несомнено позитивно влијае врз подобрување на квалитетот на училиштето. |

| | |
|---|---|
| Клучни јаки страни | Училиштето располага со соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес кој одговара на тековните промени во насока на подобрување на образовниот процес.<br>Стручната служба и директорот даваат целосна поддршка на наставниците,учениците и родителите во поглед на ораганизацијата и подобрување на наставата.<br>Препознавање на значењето на професионалниот развој од страна на наставниците и неговото влијание и улога врз ефективноста и продуктивноста во работата.<br>Училиштето дава целосна поддршка за подобрување на професионалните компетенции на наставниците преку посета на семинари и обуки и е транспарентно при вклучувањето на наставниците во истите.<br>Училиштето има воспоставено систем на дисеминација на стекнатото знаење<br>Наставниот кадар редовно изготвува личен план за професионален развој ЛППР и врши редовно ажурирање на своите портфолија за професионален развој |
| Клучни слаби страни | Компјутерската и технолошката опрема со која располага училиштето не ги задоволува во целост потребите за целосно реализирање на наставата со примена на ИКТ. |
| Приоритети | Потреба од зголемување на материјално-техничките ресурси (компјутерска опрема, нагледни средства, помагала, стручна литература и потрошен материјал) за уште поуспешна реализација на наставните програми. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политика

| ПОДРАЧЈЕ 4 | | УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА |
|---|---|---|
| ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНА ГРУПА | | **Координатор: Менче Ѓуровска**<br>Каролина Бузалкова<br>Валентина Петрова<br>Кристијан Тодоров<br>Никола Василев<br>Мирослав Велковски |
| **БР. 1** | **ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| **4.1** | Управување и раководење со училиштето | Управување со училиштето<br>Раководење со училиштето |

| ПОДРАЧЈЕ 4<br>УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА | |
|---|---|
| **Индикатор на квалитет** | **Управување и раководење со училиштето**<br>Управување со училиштето<br>Раководење со училиштето |
| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
| Закон за основно образование<br>Деловник за работа на Училишниот одбор<br>Статут на училиштето<br>Записници, одлуки, извештаи од работата на Училишниот одбор<br>Интервју со Претседателот на | **Управување и раководење со училиштето**<br><br>Орган на управување во нашето училиште е Училишниот одбор, кој ја донесува визијата и стратегијата на училиштето, врши надзор и обезбедува поддршка, расправа и одлучува по прашања во врска со работата на училиштето. Тој е конституиран според законската регулатива и Статутот на училиштето. УО брои 7 члена и тоа: тројца членови од редот на наставниците, тројца од Советот на родители, и еден од Локалната заедница. Исто така како членови се вбројуваат и две деца од училишниот парламент без право на глас.Мандатот на членовите на УО е три |

| | |
|---|---|
| Училишниот одбор<br>Програма за работа на директорот<br>Прашалник за наставници | години,а мандатот на претставниците од родителите е за период до завршувањето на основното образование на нивното дете.<br>Работата на УО е јасно дефинирано со Деловник за работа, Програма за работа и во самиот Статут на училиштето. Одлуки се донесуваат на редовни состаноци, со присуство на мнозинството членови. Тимот од УО има партнерски односи со директорот на училиштето, стручната служба, наставниците и други заинтересирани страни, како родители, ученици и локална самоуправа.УО поседува уредна документација.<br>УО активно учествува во креирањето политики за еколошка едукација и заштитана животната средина и гради училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничка интеграција во образованието<br>Раководен орган на училиштето е директорот на училиштето. Тој се раководи од визијата и мисијата на училиштето. Ја следи организацијата и реализацијата на воспитно – образовната и другата стручно – педагошка работа во училиштето. Објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и донесува одговорни одлуки.<br>Има изградено личен кредибилитет и професионален однос, којшто се заснова на знаења и вештини. Комуницира и раководи со вработените и успешно чекори со промените во образовниот систем. Како приоритет на своето работење ги става постигнувањата на учениците, осовременување на наставната технологија, создавање креативна средина за настава и учење, следење на развојниот план, вклучување на наставниците и стручните соработници во развојните политики и промовирање добри училишни практики.<br>Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и поширокаата заедница.<br>Директорот на училиштето редовно се грижи за реализација на чекорите и активностите од еко – програмата и спроведува активности во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.<br>Покрај органот на управување и раководниот орган, во училиштето работат и стручни органи |

| | |
|---|---|
| Клучни јаки страни | • -Раководниот орган успешно и транспарентно ја извршува својата работа<br>• -Раководниот орган креира политика која ги задоволува воспитно-образовните потреби на училиштето<br>• -Успешно реализирање на еколошките содржини и спроведување на активности во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието<br>• -Раководниот орган воспоставува тимска работа преку вклучување на вработените при реализација на однапред определени активности<br>• -Сите органи и тела во училиштето се добро координирани, што дава и добри резултати |
| Клучни слаби страни | • Наставниците не добиваат редовни информации за работата на Училишниот одбор<br>• -Училиштето не води политика за наградување на успешни и креативни наставници |
| Приоритети | • Училиштето да воведе политика за наградување од кој било вид на креативните и успешни наставници<br>• -Редовно и информирање на наставниците за работата на Училишниот одбор |

## Подрачје 5: Комуникација и односи со јавност

| **ПОДРАЧЈЕ 5** | | **КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ** |
|---|---|---|
| **ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНА ГРУПА** | | **Координатор:**<br>**Габриела Шестакова**<br>Флоранса Лазова<br>Елица Љуткова<br>Риска Малинковска<br>Игор Михајловски<br>Тодор Сутинов<br>Андријана Кузева |
| **БР. 1** | **ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| **5.1** | **Комуникации на ниво на училиште** | Комуникација: претпоставен-вработени<br>Комуникација: стручни соработници-наставници<br>Комуникација: наставник-наставник<br>Комуникација: наставник-стручен соработник со административно-технички персонал |
| **5.2** | **Комуникации на ниво на училница** | Комуникација: наставник-ученик<br>Комуникација: ученик-ученик<br>Комуникација: стручен соработник-ученик |
| **5.3** | **Комуникација со окружувањето на училиштето** | Комуникација со родители на ученици<br>Комуникација со МОН<br>Комуникација со БРО<br>Комуникација со ДПИ<br>Комуникација со ДИЦ<br>Комуникација со локална самоуправа<br>Комуникација со граѓански здруженија<br>Комуникација со бизнис сектор<br>Комуникација со други образовни институции во Р.Македонија и странство<br>Комуникации со донатори |

| КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ | |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | |
| **Индикатор на квалитет** | **Комуникации на ниво на училиште**<br>Комуникација:претпоставен-вработени<br>Комуникација:стручни соработници-наставници<br>Комуникација:наставник-наставник<br>Комуникација:наставник-стручен соработник со административно-технички персонал |
| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
| -Годишна програма за работа на училиштето<br><br>-Годишен извештај за работата на училиштето<br><br>-Полугодишен извештај за работата на училиштето<br><br>-Етички кодекс за наставниците<br><br>-Етички кодекс за учениците<br><br>-Етички кодекс за родители<br><br>-Етички кодекс за останатите вработени<br><br>- Анкетни прашалници за наставници<br><br>-Анкетен прашалник за ученици<br><br>- Огласна табла<br><br>- Извештаи од работата на стручните активи<br><br>- Педагошка евиденција | **5.1. Комуникации на ниво на училиште**<br><br>**5.1.1. Комуникација претпоставен – вработени**<br><br>Комуникацијата на директорот со вработените е на високо ниво и навремено се добиваат бараните информации. Таа се одвива преку училиштен тим, Наставнички совет, стручни активи и индивидуални средби.<br>Комуникацијата се одвива преку следење, информирање, координирање, анализирање, пофалување и заедничко решавање на прашањата во однос на сите подрачја.<br>Вработените редовно се информирани за преземените активности од страна на директорот, разменуваат мислења, ставови и идеи за тековните проблеми и даваат предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето.<br>Директорот како организатор и креатор на целокупната работа во училиштето воспоставува партнерски однос со сите вработени и создава оптимални услови за реализирање на квалитетна настава.<br>Според направената анкета, 96% од наставниот кадар се согласуваат дека постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените, а 4% делумно се согласуваат.<br><br>**5.1.2. Комуникација стручни соработници – наставници**<br><br>Комуникацијата се одвива преку консултативно-советодавна работа со наставниците, преку Наставничките совети, стручните активи и индивидуални разговори.<br>Наставниците добиваат поддршка при подготовка на годишните, тематските и дневните планирања; поддршка при реализација на додатната и дополнителната настава и воннаставните активности; со непосредно следење на реализацијата на наставниот процес преку посета на часови; поддршка при реализација на проекти, семинари, помош на приправници. |

| | |
|---|---|
| - Е-дневник<br><br>- Дневник на паралелката<br><br>-Записници од родителски средби<br><br>- Записници од Совет на родители и Годишна програма за соработка со родители<br><br>- Разговор со директор, стручна служба, претставници на граѓански здруженија<br><br>- Годишен извештај за работата на Советот на родители<br><br>- Извештаи од натпревари, семинари, обуки и предавања<br><br>- Извештаи од реализирани посети<br><br>- Извештаи за реализирани активности | Се разменуваат конструктивни предлози и идеи за подобрување на постигањата, дисциплината и редовноста на учениците; за разрешување на одредени прашања и проблеми на релација: ученик–наставник–семејство и за реализација на целокупниот воспитно-образовен процес.<br>Според направената анкета соработката меѓу наставниците и стручните соработници е оценета како успешна.<br><br>**5.1.3. Комуникација наставник – наставник**<br><br>Комуникацијата се одвива на ниво на стручни активи, соработка помеѓу стручните активи во училиштето, Одделенските совети, Наставничките совети и преку индивидуални разговори.<br>Во училиштето наставниците меѓусебно соработуваат при подготовка на годишните, тематските планирања; разменуваат идеи и искуства за современите методи за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес; соработуваат при подготовки за учество на учениците на натпревари; соработуваат и заеднички реализираат активности за одбележување на значајни датуми, вршат дисеминација по спроведени обуки.<br>Постои тимска работа и размена на стручни знаења и искуства со крајна цел - подобрување на постигањата на учениците и подигнување на воспитно-образовниот процес на повисоко ниво.<br>Според направената анкета 83% од наставниците се согласуваат дека постои соработка меѓу наставниците на ниво на стручни активи, 17% делумно се согласуваат.<br><br>**5.1.4. Комуникација наставник / стручен соработник со административно-технички персонал**<br>Административно–техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи и обезбедува навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените; постои достапност до сите информации за непречено реализирање на работните обврски на сите вработени.<br>Од страна на хаусмајсторот се врши поправка и сервисирање на опремата и наставните средства, а во училиштето се води грижа и за хигиената.<br>Според направената анкета 80% од наставниците се согласуваат дека се води грижа за степенот на хигиена во училиштето, 20% делумно се согласуваат. |

| **Индикатор на квалитет** | **5.2 Комуникации на ниво на училница**<br>Комуникација: наставник-ученик<br>Комуникација: ученик-ученик<br>Комуникација: стручен соработник-ученик |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
| Евидентни листови<br>Педагошка документација и евиденција<br>Записници од ученичка заедница<br>Програма на Стручна служба<br>Кодекс на однесување во училиштето<br>Анкетни прашалници за ученици | **5.2.1.Комуникацијанаставник – ученик**<br><br>Наставниците имаат воспоставено успешна комуникација со учениците, заемна почит и поддршка. Гипоттикнуваат учениците да го искажат своето мислење, ги мотивираат заповисоки постигнувања, имаат еднаков приод спрема ситеученици. За време на часовите преземаатактивности за обезбедување на пријатна атмосфера за работасо што ја зголемуваат желбата наученицитe да се активираат за време на часот. Ја следат работата на учениците и им помагаат доколку имапотреба за тоа; даваат редовна усна и писмена повратна информација за напредокот, постигањата и потребите за нивно подобрување. Со ученицитеразменуваат идеи како да го подобрат учењето или други идеи коисе од полза за учениците.Учениците слободно можат да го искажат своето мислење. Според направената анкета, 95% од учениците се изјасниле дека наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, заемна почит и поддршка; 5% делумно се согласуваат.<br><br>**5.2.2. Комуникацијаученик – ученик**<br><br>Комуникацијата ученик-ученик се одвива на задоволителнониво. Учениците се одговорни кога треба да се изработинекоја задача, работат тимски, даваат предлози и решенија кои се најдобри за разрешување на некојпроблем или исполнување на задачата. Добро ги прифаќаатноводојдените ученици, им даваат поддршка на послабите, сетрудат да им помогнат. Кога ќе сепојави некоја конфликтна ситуација, учениците со помош нанаставниците, стручната служба или директорот се трудат даги разрешат докрај.Таквиот однос овозможувада има добра и позитивна комуникација меѓу нив, со што сеизбегнува продлабочување на настанатиот проблем.<br>Според направената анкета, 100% од учениците се изјасниле дека постои меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини.<br><br>**5.2.3. Комуникација стручен соработник – ученик** |

| | |
|---|---|
| | Учениците потполно се информирани за дејноста што стручниот соработник ја извршува во училиштето. Имаат слобода да побараат помош и поддршка од стручниот соработник доколку се соочат со било каков проблем. Стручниот соработник дава информации и спроведува активности при професонална ориентација,ги информира учениците за нивните права и обврски, како и за активностите кои ги планира училиштето. За подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на ученицитестручните соработници редовно организираат советувања за учениците. |
| **Индикатор на квалитет** | **5.3 Комуникација со окружувањето на училиштето**<br>Комуникација со родители на ученици<br>Комуникација со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ други образовни институции во Р.Македонија и странство<br>Комуникација со локална самоуправа, граѓански здруженија, бизнис сектор, донатори |
| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
| Анкетен прашалник за директор, стручни соработници и администрација (секретар-благајник) наставници | **<u>5.3. Комуникација со опкружувањето на училиштето</u>**<br><br>**5.3.1.Комуникација со родителите на учениците**<br><br>Училиштето активно комуницира со родителите преку заеднички и индивидуални родителски средби,Совет на родители, веб-страницата на училиштето, училишниот профил на Фејсбук, брошурии домашни посети. Родителите учествуваат во работилници и проекти кои ги организира училиштето.<br>Според направената анкета, 74% од наставниците се согласуваат дека постои добра соработка со родителите на учениците, 22% делумно се согласуваат, а 4% не се согласуваат.<br><br>**5.3.2. Комуникација соМОН, БРО, ДПИ, ДИЦ**<br><br>Училиштето има континуирана соработка со сите релевантни инстиуции од областа на воспитно–образовната дејност.Се реализираат семинари, обуки и проекти организирани од МОН и БРО со целподобрување на стручноста и способностите на наставниот кадар, обуки за измени на наставните планови и програми и сл. Се разменуваат податоци кои се потребни за ефикасно и непречено функционирање на воспитно-образовниот процеси заеднички се делува припреземање следни чекори за подобрување на неговиот квалитет. Соработката со ДПИ се остварува преку редовните контроли од страна на просветните инспектори за проверка на квалитетот на воспитно-образовната работа во училиштето, педагошката евиденција и документација.Соработката со ДИЦ се одвива |

преку активности за подготовка и реализација на меѓународната студија за проверка на оспособеноста на учениците од 9 до 10–годишна возраст за читање со разбирање, ПИРЛС 2021.

**5.3.3.Комуникација солокална самоуправа, граѓански здруженија**

Комуникацијата со градоначалникот и Советот на Општината се остварува преку членовите на Училишниот одбор кои се избрани од Советот на Општината, и преку Секторот за образование во општината. Во овој дел комуникацијата се одвива редовно и позитивно. Се одржуваат состаноци по потреба, како во училиштето, така и во Општината. Состаноците се консултативни или информативнии секогаш од заеднички интерес.Соработката со локалната самоуправасе остварува и преку аплицирање за проекти кои се значајни за подобрување на условите за работа на училиштето. Комуникацијата со граѓанските здруженија се одвива со потребниот интензитет во зависност од активностите и работата на здруженијатаво даден временски период. Вклучените членови од училиштето ја одржуваат потребната комуникација со претставниците од здруженијата и секоја страна уредно ги извршува своите задачи. Комуникацијата се одвива преку соработка со Еколошкото друштво „Вила Зора“-Велес ,НВО„Романо Нево Дикбе”, Здружение на граѓани – Институт за човекови права, Здружение на граѓани „ОХО“ - Скопје, Лајонс клубВелес и Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ – Скопје.

**5.3.4. Комуникација со бизнис сектор, донатори**

Училиштето остварува соработка со бизнис секторот која би можела да биде и на повисоко ниво. Се соработува само кога има заемна потреба од двете страни. На крајот од учебната година претставници од средните училишта реализираа презентациизa целите на професионалната ориентација на учениците кои го завршуваат основното образование, притоа се приклучија и претставници од бизнис секторот.
Училиштето остварува комуникација и соработка со донатори при реализација на одредени проекти која во иднина би можела да се продлабочи.
Според направената анкета, 43,5% од наставниците одговориле дека имаат потребаза соработка со бизнис секторотспоред предметот што го предаваат, 30,4% имаат делумна потреба, а 26,1% се изјасниле дека според предметот што го предаваат, немаат таква потреба.

| | |
|---|---|
| | **5.3.5.Комуникација со други образовни институции во РСМакедонија и странство**<br><br>Училиштето е во редовна комуникација и остварува соработка со ситеосновни и средни училишта од Општинатаи со образовни институции од други општини воРСМакедонија.<br>Остварена е соработка со Локалната библиотека „Гоце Делчев“-Велес,<br>Народниот театар„Јордан Хаџи Константинов-Џинот“-Велес, Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија,СОЗШУЦ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци, СУГС „8ми Септември“ Скопје и ОУТУ „Ванчо Питошески“ – Охрид.<br>Сето тоа придонесува за остварување на целите и задачите на воспитно-образовната работа.<br>Училиштето нема соработка со образовни институции во странство. |
| Клучни јаки страни | Комуникацијата на директорот со вработените е на високо ниво и навремено се добиваат бараните информации.<br>Наставниците и стручните соработници разменуваат конструктивни предлози и идеи за подобрување на постигањата, дисциплината и редовноста на учениците; за разрешување на одредени прашања и проблеми на релација: ученик–наставник–семејство и за реализација на целокупниот воспитно-образовен процес.<br>Постои тимска работа меѓу наставниците и размена на стручни знаења и искуства со крајна цел - подобрување на постигањата на учениците и подигнување на воспитно-образовниот процес на повисоко ниво.<br>Административно–техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи и обезбедува навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените.<br>Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, заемна почит и поддршка.<br>Комуникацијата ученик-ученик се одвива на задоволителнониво.<br>Постои активна комуникација со родителите на учениците.<br>Училиштето има континуирана соработка со сите релевантни инстиуции од областа на воспитно–образовната дејност (МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ).<br>Училиштето има добра комуникација со институциите од локалната самоуправа.<br>Училиштето е во редовна комуникација и остварува соработка со сите основни и средни училишта од Општината и со образовни институции од други општини во РСМакедонија. |

| | |
|---|---|
| Клучни слаби страни | Училиштето нема соработка со образовни институции во странство. |
| Приоритети | Да се воспостави соработка со образовни институции во странство. |

## Подрачје 6:  Училишна клима и култура

| ПОДРАЧЈЕ 6 | | УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА |
|---|---|---|
| **ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНА ГРУПА** | | **Координатор: Лорета Стојановска**<br>Весна Баркова<br>Сања Стојановска<br>Ирена Давчевска<br>Мимоза Јованова<br>Трајче Ќурчиев<br>Баже Сутинов<br>Анкица Калешова |
| **БР. 1** | **ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| **6.1** | *Кои се извори и документи за увид*<br><br>**Севкупна грижа на учениците**<br><br>анкети<br>Интервју со психолог – Сладјана Настева | Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br><br>Училишниот простор е безбеден за изведување на настава и инфраструктурата во училиштето (мебел, скали, подови, прозорци, струјни места, двор) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и двор. Сите опасни места во училиштето и училишниот двор (шахти, штекери и сл.) се заштитени и не претставуваат опасност за учениците. Обележани се хидрантните бази, редовно се сервисирани и проверени ПП апарати<br><br>Превенција од насилство<br><br>Училиштето има изготвено свој кодекс на однесување, на учениците и на вработените, кој е истакнат на видно место во училишната зграда, каде што може секој да го прочита, а исто така и во секоја училница. Кодексот на однесување на наставниците, учениците и |

| | | |
|---|---|---|
| | | родителите се презентира секоја учебна година, уште на првите родителски средби. Вработените си ја знаат улога и одговорноста во процесот на заштита на децата, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. За таа цел соработуваат меѓусебно со родителите, стручните соработници и со релаевантни институции.<br>Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и се применуваат механизми за постапување и справување со евентуална појава на различните облици на насилство. Одржување на работилници за едукација на учениците за заштита од насилството. Советодавна работа со учениците кои манифестираат разни облици на несоодветно однесување, организира и реализира психологот според својата годишна програма и програмата за намалување на насилството во училиштето. За учениците за кои постои сомневање дека се физички или ментално злоупотребени, известувањето се врши преку предметниот наставник кој го забележал тоа или има сознанија од други ученици. Училиштето е во соработка со Центарот за социјална работа.<br><br>Заштита од пушење, алкохол и дрога<br><br>Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанци, што подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Училиштето има пишани процедури за регистрирање појава на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив.<br>Квалитет на достапна храна<br>Во учебната 2019/2020 и 2020/2021 година во нашето училиште нема организирана исхрана. Учениците си купуваат или носат од дома. Истото е и за учениците во престој<br>Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>Иако во нашето училиште нема ученици со телесни пречки во развојот, пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот во дворот на училиштето и само на приземје Просторот во ходниците и во училниците на први и втори кат не овозможува нивно движење, Во училиштето има 6 посебени тоалети што се достапни за нивна употреба. Секој ден има дежурни наставници кои се грижат за одржување на дисциплината и безбедноста на учениците, како и техничкиот персонал<br><br>Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br><br>Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици (на пример додели таблети)<br>Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Притоа, училиштето соработува со родителите, Локалната заедница и со другите релевантни институции како на пример, Центарот за социјална работа |
| **6.2** | **Здравје на учениците и сите вработени**<br>Електронско-анкетни листови<br>Годишната програма за работа на училиштето;<br>Куќниот ред;<br>Правилникот за организација и систематизација на работата и работните места;<br>Записниците од органите на училиштето;<br>Записниците од надлежните органи за контрола на хигиената и здравјето на децата;<br>Увидот во педагошката евиденција и во документацијата;<br>Увидот во училишниот простор;<br>Еко-стандардите; Индикатори за реализација на точките на акции од еко-стандардите<br>План за организација, реализација, следење на реализација на наставата во ООУ „Панко Брашнаров“ Велес | Хигиена и заштита од болести<br>Спроведување на точките на акција кои се однесуваат на здравјето согласно воспоставените еко-стандарди<br>Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>Хигиената во училиштето се одржуваше редовно од страна на учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето.. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. На почетокот на учебната година се врши дезинфекција и дератизација на училишните простории<br>Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Училиштето целосно ги реализира точките на акции од воспоставените еко-стандарди со цел постигнување на високо ниво на хигиена во училиштето и заштита на здравјето на учениците и вработените.<br>- Училиштето има пропишани процедури 10 за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. Притоа училиштето соработува со родителите, Локалната заедница и со другите релевантни институции како на пример, здравствените установи, Центарот за социјална работа и други.<br>Грижата за здравјето на учениците во изминатиот период се реализираше преку активности во соработка со Медицински центар-Велес, Центар за јавно здравје и поширокаta заедница. Тие активности се однесуваа на хигиената на училиштето, систематските прегледи, вакцини и ревакцини на учениците, едукација за здрава храна како и реализирани предавања за заштита на устата и забите и обуката „Како да се заштитиме од Ковид 19 „од страна на волонтерите на ООЦК -Велес. Во соработка со Здравен дом – Велес беа извршени сите тековни систематски прегледи.<br>Беше спроведен и Протокол за постапување во училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година за заштита од КОвид 19 , каде што успешно се реализираше.<br>Првиот ден на училиште во новата учебна 2020/2021 година започна со упатства до родителите на учениците за тоа како правилно и безбедно да ги донесат учениците во |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето, да одржуваат физичко растојание, хигиена на рацете и заштита на сопственото здравје, но и здравјето на останатите ученици и вработените во училиштето. ООУ „Панко Брашнаров“ за прием на учениците пред отпочнување на наставата ги стави во функција сите влезови на училишната зграда. Со цел да се избегне метеж и присуство на поголем број на родители и ученици во исто време и на ист влез, училиштето подготви распоред за влез на соодветно одделение на соодветен влез и тоа ќе го истакне на видно место со цел учениците и родителите/старателите навремено да бидат информирани.<br>На влезот на училиштето, во ходниците и училниците се поставија и едукативно-информативни материјали за почитување на заштитните превентивни мерки: носење заштитни маски, одржување на физичко растојание, редовно дезинфицирање на рацете, а со нивно истакнување се едуцираат и потсетуваат сите што учествуваат во воспитно-образовниот процес. |
| **6.3** | **Соодветна помош за понатамошно образование за учениците**<br><br>Записници од работилници;<br>Записници од стручната служба на училиштето;<br>Записници од средби со родители;<br>Годишна програма на училиштето;<br>Флаери;<br>Предавања;<br>Записници од индивидуални разговори со родители и ученици;<br>Анкети | Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br><br>Училиштето на своите ученици од завршните одделенија им овозможува точни, јасни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување како и благовремено запознавање со можностите што ги нудат средните училишта во нашиот град и пошироко.<br>За навремена, точна и јасна информираност училиштето организира активности и користи промотивни материјали на образовните институции: on-line посети од средни училишта за упис со презентации, флаери, отворени трибини, посета на средни училишта, отворени денови на училиштата и сл.<br>Училиштето организира активности за професионална ориентација на идните средношколци . Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, доусовршување или вработување по завршувањето на основното и средното образование е во вид на онлајн работилници организирани од надворешни субјекти како и интерни кратки работилници и тестирања само/оценување на вештините и интересите.<br>Одделенските раководители на одделенските часови ги запознаваат своите ученици со програмите за конкурирање што ги нудат средните училишта од нашиот град и пошироко.Се спроведуваа анкети за испитување на желбите и интересите на учениците и се вршеа индивидуални средби со педагошко-психолошката служба и наставниците |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето редовно контактира со родителите и учениците и ги информира за помошта што можат да ја добијат во училиштето преку соопштенија, флаери и предавања изготвени од самата служба.<br>Во училиштето се врши презентирање на програма за идно школување на учениците,како и големата помош и поддршка што ја добиваат и учениците и родителите од страна на стручната служба.<br>Училиштето соработува со средните училишта преку најразлични форми на културно – образовни активности, а особено е значајна соработката во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците.<br>Во училиштето постои добро воспоставен систем на информирање на учениците за професионална ориентација<br>Грижа за учениците со емоционални потешкотии<br><br>Во Годишната програма на училиштето има планирано процедури за откривање и работа со ученици со емоционални проблеми. Проблемите од овој вид кај децата се откриваат при упис во прво одделение како и во текот на школувањето преку разговори со нив, посета на часови, разговори со родителите и наставниците. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантните институции. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се здравствените установи, Центарот за социјална работа, полицијата итн. Со овие ученици се работи индивидуално или во група, а по потреба се вклучуваат и родителите. |
| **6.4** | **Училишна клима и односи во училиштето**<br><br>анкети<br>Годишна програма на училиштето; | Углед на училиштето<br><br>Училиштето „Панко Брашнаров“ Велес е препознатливо по својот напор да го одржи високиот квалитет на работа и постигањата на нашите ученици во сите области на нивното интересирање. Сето ова не би било возможно беа вклученост на сите вработени во училиштето кои професионално и квалитетно ја извршуваат својата воспитно – образовна работа, родителите и учениците. Ваквиот начин на работа придонесува да се постигнат високи образовни резултите во областа на наставните и воннаставните активности, со што се зголемува и угледот на училиштето, кој се гради пред се преку реализирање на квалитетна настава, наставници кои се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, која е една од основните предуслови за добра атмосфера во училиштето и која се пренесува на родителите и учениците, организирање на разновидни воннаставни активности, проекти, освојување на многубројни награди на различни натпревари и промовирање на постигањата на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Кодекс на однесување<br><br>Наставата е организирана според педагошките стандарди и закони.<br>Наставниците преку користење на позитивните приоди и современи методи, активно учење, пофалби, индивидуален пристап и други методи се насочени кон зголемување на мотивацијата кај учениците. Во училиштето постои и се почитува Кодекс на однесување во кој се содржани принципи, правила и обврски на сите структури во училиштето (раководен кадар, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Во изработка на Кодексот учество земаа сите структури. Куќниот ред е поставен на видни места во училиштето. Постои и Правилник за изрекување на педагошки мерки со кои се регулира поведението и изостанувањето на учениците. Со овој Правилник се запознати наставниците, учениците и родителите.<br><br>Училишна клима<br><br>Соработката на наставниците во нашето училиште е на високо ниво, особено меѓу наставниците кои предаваат сродна група предмети, како и во стручните активи. Раководниот и наставен кадар има важна улога во добрата атмосфера во училиштето. Односот на наставниците кон учениците се базира на почитување на личноста на ученикот, неговата индивидуалност и квалитети. Сите вработени постојано апелираат и ги упатуваат своите ученици на грижа за училиштето како и едни за други.<br>Наставниците настојуваат сите ученици без разлика на вера, род, етничка припадност, потекло, способности да се чувствуваат прифатени и среќни во училиштето.<br><br>Поведение и дисциплина во училиштето<br><br>За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба на училиштето. Работната атмосфера е присутна за време на наставата и воннаставните активности. Се истакнуваат и редовно се соопштуваат сите ученици кои освоиле награди.<br>За учениците со несодветно однесување по било која основа и оние кои не го почитуваат етичкиот кодекс на училиштето, одделенскиот раководител како и Одделенскиот совет изрекуваат соодветни педагошки мерки, според правилникот за педагошки мерки од Законот за основно образование. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите во однос на дисциплината и редовноста. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки<br><br>Во училиштето и самите ученици имаат можност да учествуваат во решавањето на некои проблеми и донесувањето одлуки. Ова активност учениците ја реализираат преку состаноците на ученичкиот парламент, ученичката заедница, како и на часовите на одделенската заедница. Според записниците од одржаните состаноци и годишниот извештај се согледува дека ученичката заедница работи според однапред утврдена програма и учениците се навремено и целосно информирани и вклучени во донесувањетто на одлуки од нивен интерес. |
| **6.5** | **Промовирање на постигањата на учениците**<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Изложени трудови на учениците | Промовирање на личните постигања на учениците<br><br>Училиштето посветува особено внимание на личните постигањата на учениците и тоа им го овозможува , како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Преку соработка со културни установи и институции, преку учество на литературни и ликовни конкурси, изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. Училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата во име на училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.<br>Училиштето презема активност за да ги промовира постигањата на учениците. Прави план за евалуација, во него се определени критериумите, инструментите, динамиката и носителите на активностите во кој се следи успешноста на реализирање на поставените цели.<br>За подобрување на постигањата на учениците , наставниците применуваат различни методи и техники на работа, стекнати од посетите на семинари и обуки Учествувањата и постигањата, успесите во натпреварите на учениците е како резултат на залагањата на наставниот кадар, секако и интересот на учениците.<br>Во училиштето се посветува големо внимание на успехот и поведението на сите ученици, независно од полот и етничката припадност. Постигањата на учениците се евидентираат после секој класифакационен период во евидентни листи преку кои родителите се информираат за напредокот на нивното дете. Постигнатиот успех се разгледува и промовира на полугодишните, годишните извештаи, Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор и на родителските средби. Континуирано се превземаат активности за промоција на личните постигања на учениците и наставниците со доделување награди, дипломи, благодарници и пофалници, и преку фејсбук страната на училиштето. Учениците редовно учествуваат на натпревари од локален, регионален и државен карактер и постигнуваат забележителни резултати. Училиштето ги запознава сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученици со наградите и пофалбите на општинските, регионалните и државните натпревари, посебно ги пофалува учениците кои што постигнале добри резултати и го афирмирале училиштето во средината и пошироко. На крајот од учебната година се избира првенец на генерација.<br><br>Промовирање на постигањата во име на училиштето<br>Училиштето има изградено начин на промовирање на личните и постигнувањата на учениците во рамките на училиштето и во пошироката локална среидна преку социјалните мрежи,локалните медиуми.Со оглен на актуелната ситуација со Корона вирусот и препорачаните мерки оваа година во рамките на училиштето не се организирааше патонен празник или други слични манифестации од јавен крактер. |
| **6.6** | **Еднаквост и правичност**<br><br>Електронско-анкетни листови<br>Педагошка евиденција и документација во однос на вклученост на учениците во воннаставни активности;<br>Годишен извештај на училиштето и забелешки во дневниците на паралелките<br>Извештаи на наставниците ;<br>Прашалници за ученици и родители;<br>Дневник за работа на стручната служба<br>Увидот во училишниот простор;<br>Еко-стандардите; Индикатори за реализација на точките на акции од еко-стандардите<br>План за организација, реализација, следење на реализација на наставата во ООУ „Панко Брашнаров“ Велес | Познавање на правата на децата<br><br>Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и се грижат истите да не бидат повредени. Училиштето е спремно да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права. На одделенските часови и преку состаноците на Детската организација и Училишната заедница како и по предметот Граѓанско образование и учениците се информираат за своите права, но и обврските кои тие права со себе ги носат. На редовните родителски средби за правата и обврските на децата се информираат и родителите од кои постојано се бара соработка и им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски За време на Детската недела училиштето организира работилници со учениците на кои учениците имаат можност преку цртеж да ги искажат и претстават детските права.<br>Еднаков и правичен третман на сите ученици<br><br>Сите ученици без разлика на возраста, полот, социјалниот статус уживаат еднакви права. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици. Наставниците максимално ги користат содржините од наставните програми за да на суптилен начин ги промовираат еднаквоста и правичноста како вредности кон кои треба да се стремат учениците. Реализацијата на овие содржини овозможува наставниците да посветат поголемо внимание на воспитниот дел од наставата. Во воннаставните активности подеднакво се вклучуваат ученици од сите етнички структури. Стручната служба преку реализација на своите програмски активности придонесува учениците да учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.<br><br>Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во нашето училиште постојано се води сметка за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот и, овој однос е исполнет со толеранција и разбирање. Училиштето води политика на позитивно вреднување на етничката, културната и верската разноликост и преку предметите Граѓанско образовани и Етика, изборниот предмет Етика во религиите и часовите на Одделенска заедница кои се реализираат и во одделенска и во предметна настава (освен во прво одделение). Мултикултурално ги едуцираме учениците и со спроведување на интегрирани часови по сродни наставни предмети како и преку содржините што ги изучуваат изборните предмети учениците ги запознаваме со различните култури кај нас. Училиштето ги користи сите можни стратегии за да овозможи соработка и разбирање помеѓу различните нации, култури, религии како и отфрлање на сите можни предрасуди кон „поинаквите“ од нас. |
| **6.7** | Финансиско работење на училиштето<br><br>Годишна програма за работа;<br>Записници и одлуки на УО;<br>Разговор со Советот на родители;<br>Реализација на јавни набавки;<br>Склучени договори и меморандуми за соработка<br>Понуди и фактури<br>Административна служба;<br>Разговор со директор/наставници/УО;<br>Анкетен прашалник; | Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет<br>Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите правила и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки.<br>Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства и тој го следи наменското трошење на овие средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.<br>Вработените се запознаени со начинот на располагање на финансиските средства, кој секогаш е во врска со воспитно-образовните цели и приоритети на училиштето.<br>Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Раководниот кадар постојано ги консултира сите вработени кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност. Целиот буџет се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, учењето и развојот на училиштето во целина. Сите постапки поврзани со финансиско работење коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| **6.8** | Цели и креирање на училишна политика<br><br>Наставнички совет, дневници за работа<br>Интервјуа / анкети со директор, стручна служба, наставници, ученици, родители;<br>Годишна програма за работа на училиштето;<br>Записници, од работата на Училишниот одбор,<br>Совет на родители,<br>Акциони планови;<br>Интерни акти; | Јасност и соодветност на целите<br>Процедури за креирање училишна политика<br>Училиштето ги активира вработените, учениците, родителите и локалната заедница континуирано и ефективно да работат на остварувањето на целите. Остварените цели имаат позитивно влијание врз работењето на училиштето.<br>Вработените активно учествуваат во креирањето и осовременувањето на стратегиите за остварување на зададените цели<br>Мислењата, предлозите и идеите на учениците и нивните родители имаат подеднаква важност при креирањето и реализацијата на целите во училиштето. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.<br>Тие се јасни и прецизно дефинирани во соодветните државни, локални и училишни акти.<br>Тие се фокусираат на подобрувањето на квалитетот на наставата како и подобрувањето на постигањата на учениците.<br>Одредувањето на политика за спроведување на понатамошните стратегии за планираните активности училиштето ги добива од непосредните контакти со вработените, родителите и учениците, од секојдневното следење на достигнувањата во сите области со цел доследно имплементирање на целокупната наставна практика, а потоа заеднички се дефинираат приоритетите за понатамошното работење.<br>Во креирањето и остварувањето на целите, начелата и вредностите на училиштето активно се вклучени вработените, учениците и нивните родители / старатели. Родителите се потполно информирани за активностите во училиштето, задоволни се од претставниците во Советот на родители.<br>Вработените во училиштето активно учествуваат во развојот и анализата на политиката на училиштето и неговите насоки.<br><br>Се изработува развоен план за училиштето, на крајот од учебната година се врши евалуација на реализираната Годишна програма на училиштето, се изработува извештај за работата од училиштето и се предлагаат приоритетни цели и стратегии за нивна реализација за наредната учебна година.<br>Состаноците на Училишниот одбор, Советот на родители и Наставничкиот совет редовно се одржуваат со однапред предложен и утврден дневен ред. Советот на родители редовно одржува состаноци. Годишното планирање го организира и реализира стручен тим составен од директорот, стручните соработници, претседатели на стручните активи.<br>Зголемување на ефикасноста и ефективноста на целокупната наставна практика е цел кон која се фокусираат сите активни субјекти кои учествуваат во креирањето на |

| | | |
|---|---|---|
| | | училишната политика.<br>Во дневниците за работа наставниците редовно внесуваат записници од одржани родителски средби,одделенски совети,реализирани индивидуални средби со родители.<br>Преку Акционите планови се планираат и постигнуваат цели кои имаат позитивно влијание на работата на училиштето.(прилог-во годишната програма на училиштето).<br>Интерните акти се во согласност на целите на училиштето и според пропишаните законски регулативи. |
| **6.9** | **Развојно планирање на училиштето**<br><br>Развоен план на училиштето<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Записници од наставнички совет и родителски средби<br>Записници од стручни активи<br>Пописни листи<br>Финансиски план на училиштето<br>План за јавни набавки<br>Апликации за сработени проекти | Цели на развојното планирање<br>Инфраструктура<br><br>Во училиштето постои план за развој. 63% од родителите се согласуваат, 26% делумно се согласуваат дека запознати со развојниот план на училиштето.Во него се опишани целите кои се јасни и во склад со мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Училиштето за дел од поставените цели има акциски планови и доследно ги спроведува, а за останатите цели се спроведуваат активности преку кои истите се реализираат.<br>Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати преку состаноци на стручните органи и тела, преку родителско наставнички средби, брошура за родители. За Годишното планирање во училиштето е одговорен директорот, во соработка со раководниот тим на училиштето во состав : претседатели на стручни активи и стручни соработници кои ја изготвуваат Годишната програма за работа на училиштето. Членовите на стручните активи даваат свои размислувања<br>за изгледот на Годишната програма, по подрачја. Предлозите и размислувањата на стручните активи преку нивните претставници се разгледуваат на заедничките средби и се имплементираат во новата годишна програма. Преку дефинирање на приоритетните задачи во годишната програма се врши краткорочно планирање на целите кои што од своја страна произлегуваат од Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно образование и Развојниот план на училиштето.Планирањето се базира врз податоци од: состаноците на стручните активи, предлозите на наставничкиот совет, одделенските совети, советот на родители на училиштето, училишниот одбор. Дека планирањето е реално и вклучува инструменти може да се види од спроведеното анкетирање на наставниот кадар,98% од наставниот кадар се согласува, 2% делумно се согласува дека наставникот се грижи за соработката со родителите да биде ефикасна. |

Други инструменти вклучени за развојното планирање се:календарот за работа, моделот за следење на наставен час

Професионален развој / стручно усовршување на кадарот

Темите за стручно усовршување на наставниот кадар кои ги избира училиштето се во склад со Развојното планирање на училиштето и приоритетните задачи во Годишната програма. Училиштето има воспоставено процедура преку која што се врши дисеминација. Обучените наставници го споделуваат своето стекнато знаење преку стручните активи и преку индивидуалната и тимска соработка со наставниците.82% од наставниците се согласуваат и 18% делумно се согласуваат дека има редовна и навремена дисеменација на обуките.

Материјално - технички

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето редовно и навремено ги идентификува и планира потребите од материјално-технички средства, индивидуални разговори, увид во постоечката состојба во училиштето, предлог финансискиот план, планот за јавни набавки и Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето преку горе наведените планови обезбедува средства за нивно континуирано одржување.<br>Инфраструктура<br><br>Училиштето редовно изработува проекти и со истите аплицира а со добиените средства врши подобрување и осовременување на инфраструктурата во училиштето имајќи ги во предвид зацртаните приоритети. |
| | **Јаки страни** | Безбеден училишен простор<br>Училиштето поседува кодекс на однесување на учениците со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето кој доследно се почитува .<br>Протокол за постапување во училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година за заштита од КОвид 19 , кој што успешно се реализираше.<br>Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење.<br>Училиштето е средина на почитување на разликите и негување на вредностите за заедничко живеење во мултикултурно општество<br>Промовирање на постигањата на учениците<br>Родителите се потполно информирани за активностите во училиштето и постигањата на учениците<br>Континуирана соработка со родителите (Совет на родители);<br>Доследно спроведување на Законот за основно образование и негова примена во училиштето во сите области и сфери;<br>Постои континуиран интерес и желба за стручно доусовршување на наставниот кадар и уредно се евидентира секаков професионален развој со посета на online обуки и семинари.<br>Училиштето редовно изработува проекти и со истите аплицира а со добиените средства врши подобрување и осовременување на инфраструктурата во училиштето имајќи ги во предвид зацртаните приоритети. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Слаби страни** | Учениците не учествуваат многу  во донесување на одлуки за животот и работата на училиштето<br>Мебелот и опремата ги задоволуваат воспитно - образовните потреби ,но има потреба од нова опрема ,мебел и нагледни средства во кабинетите |
| | **Приоритети** | Вклучување и активно учество на учениците во донесување на одлуките<br>Обезбедување на нова опрема и мебел во училиштето |

## Област 7: **Соработка со родителите и локалната средина**

| **ПОДРАЧЈЕ 7** | | **СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА** |
|---|---|---|
| **ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНА ГРУПА** | | **Координатор: Македонка Поптодорова**<br>1. Љубинка Чанева<br>2. Сениха Брзева<br>3. Оливера Танеска<br>4. Наташа Вишинова<br>5. Игор Николов<br>6. Евгенија Кочовска |
| **БР. 1** | **ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| **7** | **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | ➢ Соработка на училиштето со родителите<br>➢ Соработка со локалната заедница<br>➢ Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор<br>➢ Соработка на училиштето со родителите и деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите со вклучување на претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма (еко-одбор) |
| | **Документи кои се прегледани и други методи кои се користени за прибирање податоци** | **Кои информации се собрани** |
| | -Извештај за работата на училиштето (поугодишен и годишен) за учебната 2019-2020 и 2020-2021г | ***Индикатор за квалитет:Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница***<br><br>***Соработка на училиштето со родителите***<br>Училиштето, во текот на целата учебна година е постојано отворено за соработка со родителите.Соработката е транспарентна и јавна. Родителите постојано се поттикнуваат да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и воопшто во работата на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | - Записници од Совет на родители<br><br>- Записници од состаноци на Училишен одбор<br><br>- Одделенски дневници (педагошка документација и евиденција)<br><br>- Записници од Родителски средби<br><br>- Документации за добиени спонзорства и други донации<br><br>- Анкета со родители<br><br>- Интервју со Претседател на Училишниот одбор<br><br>- Разговор со наставници<br><br>- Слики<br><br>-Веб страна на училиштето<br><br>- ФБ страна на училиштето<br><br>- Видео на ТВ Здравкин | Соработката на училиштето со родителите се остварува преку повеќе форми: задолжителни родителски средби, индивидуални родителски средби, советувања за родителите, заеднички активности во кои учествуваат ученици, наставници и родители и сл. За време на наставата училиштето организира најмалку четири родителски средби, на кои родителите детално се запознаваат со постигнувањата на нивните деца и воедно добиваат насоки за подобрување. Но, во зависност од потребите може да се закаже и дополнителна родителска средба, каде се дискутира за актуелните состојби, се даваат конструктивни предлози и решенија. Учеството на родителите на родителските средби е задоволителна.<br>Во текот на една учебна година се прават многубројни советодавни средби со родителисе со цел да се подобри успехот и поведението на учениците.Советувањата на родителите ги води училишниот психолог. Во овој период, поради пандемиските услови овие советувања се реализираат индивидуално. На овие средби се повикуваат родители чиишто деца не ја следат редовно наставата, родители на деца кои имаат повеќе слаби оценки и родители на деца со несоодветно однесување.Поканите за советодавните средби се испраќани по писмен пат со унифицирани покани за советување на родител, со обични покани, по пораки испратени преку телефон или интернет и со телефонски јавувања и контакти. Советодавните средби не се реализираатсекогаш на закажаниот термин. Поголем број од нив се реализираат кога родителите се во можност.Очекуваните резултати од овие советодавни средби се делумно постигнати.<br>*Вклученоста на родителите во училишниот живот има позитивно влијание врз целокупниот развој, успех и однесување на ученикот.*Училиштето организира активности во кои тие земаат активно учество, но во овие две учебни години, поради пандемијата од Covid 19 овој вид на активности се сведени на минимум. Родителите се секогаш поканети да присуствуваат на приредбите и активностите реализирани од учениците од нашето училиште. Во периодот од септември до март од учебната 2019/2020 год. родителите присуствуваа на: приредба по повод Прием на првачиња на првиот училишен ден,Прием на децата во Детска организација,Отворенденпограѓанскообразование.<br>Соработката на училиштето и родителите се реализира и преку учество на родителите во Совет на родители и Училиштен одбор. Во Советот на родители на училиштето има по еден претставник од секоја паралелка којшто го избираат родителите од паралелката. Советот на родители одржува состаноци, се запознава со активностите на училиштето и дава идеи и предлози за одредени прашања за унапредување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Избраните родители редовно учествуваат и на состаноците на Училишниот одбор, каде со свои предлози и сугестии придонесуваат за подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето.<br>Одделенските раководители, наставниците, стручната служба, како и директорот имаат одлична соработка со родителите. Тоа го потврдуваат и добиените резултати од спроведената анкета со дел од родителите: 92% од нив се изјасниле дека соработката на наставниците и стручната служба со родителите е задоволителна, 100% од анкетираните родители се согласуваат дека училиштето организира најмалку четири родителски средби, 92% се изјасниле дека се редовно информирани |

| | | |
|---|---|---|
| | | за напредокот на своето дете. Спроведената анкета покажа и дека училиштето прифаќа предлози и сугестии понудени од родителите. 76% од анкетираните родители се согласуваат дека се запознати со одлуките и заклучоците донесени на Советот на родители и Училишниот одбор. На тврдењето дека „Родителите се поканувааt на сите приредби и активности во кои учествуваат нивните деца“ 85% одговориле дека се согласуваат со тоа, 12% делумно се согласуваат и 3% не се согласуваат. 61% од анкетираните се согласуваат дека родителите се вклучени во одредени активности во училиштето, 33% делумно се согласуваат и 6% не се согласуваат.<br><br>***Соработка со локалната заедница***<br><br>Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата, соработува во реализирање на активности од локално ниво и активности кои ги организира општината.Локалната заедница и општина Велес учествуваа во подобрувањето на условите за реализација на онлајн наставата преку донација на таблети на ученици од семејства со низок социјален статус како и на ученици од ромска етничка заедница, се со цел непречено реализирање на наставниот процес. Преку програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година на Владата на РСМ, Општина Велес обезбеди средства за замена на дотраените прозори со нови пвц прозори, а со тоа се придонесува училишната зграда да биде енергетско ефикасен објект. Исто така соработката се остваруваше и преку реализирање на општински натпревари, разни настани и традиционални манифестации кои се дел од календарот на настани на општина Велес. Во учебната 2019/2020г.учениците зедоа учество во Етно-работилници за изработка на предмети од глина, текстил, дрво и накит под покровителство на Општина Велес, учествуваа на „Поетски караван“ со членовите на поетскиот клуб „Коста Солев Рацин“ и „Здружение на пензионери“ Велес по повод Рацинови средби, ја посетија спомен куќата на Кочо Рацин и сл. Градоначалникот и вработените во Општината се секогаш отворени во поддршката и предлог идеите кои ние ги поттикнуваме и промовираме, а се во интерес на учениците, родителите и вработените.<br>Преку остварената соработка со МВР секоја година се спроведуваат работилници за заштита на децата во сообраќајот со учениците од II до IV одделение.<br>Во соработка со МВР, Локалната заедница, невладините организации и Локалната самоуправа, училиштето спроведува работилници и предавања на теми за спречување на користење на алкохол, дрога и други опојни супстанции.<br>Училиштето континуирано соработува со сите основни и средни училишта во градот и пошироко, учествува на сите литературни и ликовни конкурси и други манифестации организирани од другите училишта, споделува информации во врска со премин на учениците од едно во друго училиште и сл.Нашетоучилиштеактивноучествуваи наопштински, регионални и државнинатпревари. Вонатпреваритесевклучениситенаставничичииученициучествуваатнасоодветнитенатпревари.Во учебната 2019/2020г. се одржаа спортски натпревари во |

| | | |
|---|---|---|
| | | рамкитенапроектотнаФудбалскафедерацијанаМакедонија, а во соработка со Федерацијата на училишен спорт на Македонија–„Фудбалвоучилиште“. Оваа учеба година не се реализираа предвидените спортски натпревари. Поради пандемијата о дковид 19 немаше услови истите да се одржат. Со огледнапандемијата, во овојпериодпоголемделоднатпреваритесереализирааон-лајн,.Ученицитеучествуваавоголемделодовиенатпревари и освоија голем број на награди.<br>Во сферата на грижа за здравјето на учениците, во соработка соЈЗУ „Здравствен дом“ – Велес , Забна амбуланта „Нова населба“ (Хигиенски дом) и Центарот за јавно здравје – Велес во училиштетобеа спроведени редовни ситематски и стоматолошки прегледи, вакцинација на учениците согласно календарот за имунизација, се превзедоа превентивни мерки за заштита од Ковид 19 и се извршија редовни и вонредни дезинфекции, дезинсекција и дератизација на сите училишни згради.Се одржаа и типизирани предавања во функција на унапредување на здравјето и развивање на свеста кај учениците<br>Постои соработка и со Центарот за социјални работи-Велес, каде редовно се доставуваат информации за состојбите во училиштето.<br>Во соработка соООна Црвен крст - Велес училиштето организираше голем број на хуманитарни акции за помош за болни ученици и за ученици од социјално загрозени семејства. Се организираа и разни предавања по повод 16 Октомври-Меѓународниот ден на гладта, одбележување на Неделата на ТБЦ, 1 декември-Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА и сл. Од страна на ОО на Црвениот крст Велес во училиштето беше доставен и информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) и севкупна грижа за здравјето (грип, заразни болести...). Голем дел од нашите ученици се и волонтери на Црвениот крст.<br>Училиштето има и континуирана соработка со МОН, БРО, ДПИ и други институции.Образовниот кадар континуирано присуствува на обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието на Македонија, невладини организации и други релевантни институции.<br><br>***Соработка со деловнатазаедница и невладиниот сектор***<br>Училиштето соработува со бизнис секторот во општината, со неколку мали и средни препријатија и е вклучено вореализирање на разни заеднички активности и манифестации. Со невладините организации исто така се остварува соработка воорганизирање акции, предавања, работилници,соработка за донации во училиштето и сл.<br>Во учебната 2019/2020 и 2020/2021г. реализирани се неколку акции, предавања и донации за училиштето. Преку соработка со Фондацијата „Отворете ги прозорците“ обезбедени се неколку таблети за реализирање на онлајн настава, обезбедена е асистивна технологија и едукативен софтвер во нашето училиште – специјални тастатури, џојстици, таблети и монитор.Со помош на Евангелистичката црква беше доделен училишен прибор за учениците од прво одделение. Фирмите „Маслодајна„, „Алевадо“ и пекара „Гемиџии“ овозможија да се доделат новогодишни |

| | | |
|---|---|---|
| | | пакетчиња за најмалите ученици. Организацијата Хабитат Винерергер дониpаше керамиди за ПОУ во Башино Село. Минатата учебна година се реализираше и соработка со ресторанот „Интернационал“ кој овозможи посета на ресторанот каде учениците од VIII одд. во рамките на часот по Вештини за живеење се запознаа со работата на ресторанот, Хасап системот, поставување и декорирање на маса и др.Во овие две учебни години продолжи и соработката со: ПАКОМАК, Лајонс клуб-Велес, ЗГ „Велесбајкинг”, Inner Wheel Club Велес. Со нивна помош во училиштето се организираа и реализираа разни предавања, хуманитарни, собирни акции и донации.<br><br>***Соработка на училиштето со родителите и деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите со вклучување на претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма(еко-одбор)***<br>Постои соработка и со локалните телевизии преку кои училиштето се промовира и информира за реализацијата на воспитно-образовниот процес во него.<br>Родителите се активни учесници и во училишниот ЕКО Одбор. Тие се запознати со сите акции и програми поврзани со еко содржини. Овие две учебни години, поради вонредната ситуација во државата вклучително и во нашето училиште, голем дел од предвидените активности на Еко одборот не се реализирани. Но, членовите на Еко одборот редовно ги информираат наставниците, родителите како и учениците за сите важни настани во годината. Родителите активно учествуваат преку советување, разговор и помош, колку што е возможно и колку дозволува општата состојба во државата.<br>Еколошкиот календар, Програмата за работа и Акциониот план се достапни за секој родител и ученик во нашето училиште. |
| | **Јаки страни**<br><br><br><br><br>**Слаба страна** | - Училиштето е отворено за соработка со родителите, локалната заедница и други релевантни институции;<br>- Родителите редовно се информираат за напредокот на учениците;<br>-Навремена информираност за реализирани активности, успеси на учениците и училиштето преку објава на социјалните мрежи на училиштето;<br>- Училиштето организира и учествува во разни хуманитарни акции.<br><br>- Недоволен интерес од страна на родителите од социјално ранливите категории за следење на постигнувањата и однесувањето на нивните деца. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Приоритети** | Стимулирање на родителите за зголемена присутност на родителските средби, преку едукација и предавања за важноста на нивната присутност и соработка со училиштето. |

## *Резултатите од самоевалуација на работата на основното училиште по подрачја*

| Подрачје | Јаки страни | Слаби страни | Приотитет |
|---|---|---|---|
| **Подрачје 1 Организација и реализација на наставата и учењето** | ➢ Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН и се реализираат во пропишаниот обем.<br>➢ Наставниците навремено изготвуваат и доставуваат годишни и тематски процесни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи зауспешна реализација на часот .<br>➢ Родителите се информирани за целите на Наставните планови и програми по сите предмети, што треба да се реализираат.<br>➢ Во текот на учебната година најмалку два пати во годината се врши увид на час од страна на стручната служба и директороткајнаставниците.<br>➢ Наставниот кадар е стручен, наставниците работат тимски и разменуваат меѓусебни искуства во однос на наставните програми<br>➢ На учениците според наставниот план им е понуден избор од три наставни предмети.<br>➢ Постои взаемна соработка меѓу наставниците и размена на искуства стекнати на семинари и на ниво на активи.<br>➢ Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и редовно им даваат повратна информација на учениците занивните постигања.<br>➢ Застапеност на разновидни воннаставни активности со учество на ученици од различна полова и етничка припадност. | ➢ Дел од наставниците немаат посетено обуки за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата;<br>➢ Расположивите нагледни средства, разновидна стручна литература, наставни средства и помагала,технички помагала во целост не гизадоволуваат потребите за реализација на наставата; | ➢ Обезбедување средства за потребните нагледни средства и помагала, како и разновидна стручна литература за наставниците |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ➢ Целото школо е покриено со интернет мрежа | | |
| **Подрачје 2: Постигања на учениците** | ➢ Училиштето има инструменти со кои ги следи постигањата на учениците по наставни предмети и квалификациони периоди;<br>➢ Училиштето има инструмент со кој ги следи постигнувањата на учениците според различен пол и етничка припадност и социјално потекло<br>➢ Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат<br>➢ Училиштето има систем на идентификација на ученици кои имаат потешкотии во учењето,<br>➢ Училиштето има систем за идентификација на учениците со посебни образовни потреби<br>➢ Училиштето има систем за идентификација на учениците со посебни образовни потреби<br>➢ Училиштето во текот на цела година по сите предмети организира дополнителна настава<br>➢ Училиштето планира и превзема конкретни активности за постојано подобрување на постигнувањата на учениците<br>➢ Училиштето има стратегија за идентификување на надарени ученици и реализира додатна настава за тие ученици<br>➢ Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование<br>➢ Наставниот кадар е квалитено подготвен за следење и поддршка на учениците со послаби постигнувања; | ➢ Повторување (неоценување) на учениците поради нередовно доаѓање на училиште<br>➢ Наставните планови и програми се преобемни за возраста<br>➢ Повторување на ученици по основ неоценети, е поради семејно иселување во странство<br>➢ На ниво на општината се почитува реонизација за опфат на ученици<br>➢ Повторување (неоценување) на учениците поради нередовно доаѓање на училиште<br>➢ Наставните планови и програми се | ➢ Подобрување на соработката со родители на ученици кои повторуваат или се неоценети;<br>➢ Почитување на реонизација за опфат на ученици<br>➢ Градење на поголем мост и подобрување на соработката со родителите на ученици кои покажуваат послаб успех, повторуваат или се неоценети<br>➢ Подобрување на веритикалната корелација и соработка меѓу одделенските и предметните наставници<br>➢ Создавање и изработка на училишен весник за промоција на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ➢ Во училиштето постои советување на родители чии деца се со послаб успех и неоправдани изостаноци;<br>➢ Училиштето има инструменти со кои континуирано се следи напредокот на учениците по наставни предмети и квалификациони периоди;<br>➢ По завршувањето на секој класификационен период се врши споредување на успехот со претходните години<br>➢ При оценувањето се користат стандарди и критериуми за оценување со кои се информирани и самите родители;<br>➢ Сите ученици независно одполот, етничка припадност и социјално потекло се еднакво подложни на воспитување од училиштето;<br>➢ Се води редовна евиденција за напредокот на учениците и навремено информирање на родителите за напредокот на нивните деца;<br>➢ Се води редовно одржување на родителски средби , приемни денови и индивидуални средби со родителите;<br>➢ Доста<br>➢ Критериумпност на евиденција за напредокот на учениците на сите (родители, ученици и наставници) со воведување во функција на Е - дневници за избор на првенец на генерација;<br>➢ Училиштето редовно ги промовира постигањата преку училишна брошура, социјалните мрежи и локалните медиуми<br>➢ Се доделуваат благодарници и пофалници за учества и постигања | преобемни за возраста<br>➢ Повторување на ученици по основ неоценети, е поради семејно иселување во странство<br>➢ Спроведување на поголем број активности кои ќе придонесат за развивање претприемнички вештини кај учениците;<br>➢ Недоволна вертикална корелација и соработка мегу одделенските и предметните наставници и споделување на тешкотиите и надминување на истите<br>➢ Поголемо промовирање на постигањата на училиштето и креирање училишен весник | постигнувањето на училиштето.<br>➢ Промовирање на училиштето на републичко и меѓународно ниво преку соработка (побратимување) со училишта од други земји од регионот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Подрачје 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** | ➢ Училиштето располага со соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес кој одговара на тековните промени во насока на подобрување на образовниот процес.<br>➢ Стручната служба и директорот даваат целосна поддршка на наставниците,учениците и родителите во поглед на ораганизацијата и подобрување на наставата.<br>➢ Препознавање на значењето на професионалниот развој од страна на наставниците и неговото влијание и улога врз ефективноста и продуктивноста во работата.<br>➢ Училиштето дава целосна поддршка за подобрување на професионалните компетенции на наставниците преку посета на семинари и обуки и е транспарентно при вклучувањето на наставниците во истите.<br>➢ Училиштето има воспоставено систем на дисеминацијанастекнатотознаење<br>➢ Наставниот кадар редовно изготвува личен план за професионален развој ЛППР и врши редовно ажурирање на своите портфолија за професионален развој | • Компјутерската и технолошката опрема со која располага училиштето не ги задоволува во целост потребите за целосно реализирање на наставата со примена на ИКТ. | • Потреба од зголемување на материјално-техничките ресурси (компјутерска опрема, нагледни средства, помагала, стручна литература и потрошен материјал) за уште поуспешна реализација на наставните програми. |
| **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политика** | ➢ Раководниот орган успешно и транспарентно ја извршува својата работа<br>➢ -Раководниот орган креира политика која ги задоволува воспитно-образовните потреби на училиштето<br>➢ -Успешно реализирање на еколошките содржини и спроведување на активности во кои се афирмира инклузивноста на | ➢ Наставниците не добиваат редовни информации за работата на Училишниот одбор | ➢ Училиштето да воведе политика за наградување од кој било вид на креативните и успешни наставници<br>➢ Редовно и информирање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието<br>➢ -Раководниот орган воспоставува тимска работа преку вклучување на вработените при реализација на однапред определени активности<br>➢ -Сите органи и тела во училиштето се добро координирани, што дава и добри резултати | | на наставниците за работата на Училишниот одбор |
| **Подрачје 5: Комуникација и односи со јавност** | ➢ Комуникацијата на директорот со вработените е на високо ниво и навремено се добиваат бараните информации.<br>➢ Наставниците и стручните соработници разменуваат конструктивни предлози и идеи за подобрување на постигањата, дисциплината и редовноста на учениците; за разрешување на одредени прашања и проблеми на релација: ученик–наставник–семејство и за реализација на целокупниот воспитно-образовен процес.<br>➢ Постои тимска работа меѓу наставниците и размена на стручни знаења и искуства со крајна цел - подобрување на постигањата на учениците и подигнување на воспитно-образовниот процес на повисоко ниво.<br>➢ Административно–техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи и обезбедува навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените.<br>➢ Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, заемна почит и поддршка.<br>➢ Комуникацијата ученик-ученик се одвива на задоволителнониво. | ➢ Училиштето нема соработка со образовни институции во странство. | ➢ Да се воспостави соработка со образовни институции во странство. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ➢ Постои активна комуникација со родителите на учениците.<br>➢ Училиштето има континуирана соработка со сите релевантни инстиуции од областа на воспитно–образовната дејност (МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ).<br>➢ Училиштето има добра комуникација со институциите од локалната самоуправа.<br>➢ Училиштето е во редовна комуникација и остварува соработка со сите основни и средни училишта од Општината и со образовни институции од други општини во РСМакедонија. | | |
| **Подрачје 6: Училишна клима и култура** | ➢ Безбеден училишен простор<br>➢ Училиштето поседува кодекс на однесување на учениците со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето кој доследно се почитува .<br>➢ Протокол за постапување во училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година за заштита од КОвид 19 , кој што успешно се реализираше.<br>➢ Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење.<br>➢ Училиштето е средина на почитување на разликите и негување на вредностите за заедничко живеење во мултикултурно општество<br>➢ Промовирање на постигањата на учениците<br>➢ Родителите се потполно информирани за активностите во училиштетои постигањата на учениците | ➢ Учениците не учествуваат многу во донесување на одлуки за животот и работата на училиштето<br>➢ Мебелот и опремата ги задоволуваат воспитно - образовните потреби ,но има потреба од нова опрема ,мебел и нагледни средства во кабинетите | ➢ Вклучување и активно учество на учениците во донесување на одлуките<br>➢ Обезбедување на нова опрема и мебел во училиштето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ➢ Континуирана соработка со родителите (Совет на родители);<br>➢ Доследно спроведување на Законот за основно образование и негова примена во училиштето во сите области и сфери;<br>➢ Постои континуиран интерес и желба за стручно доусовршување нанаставниот кадар и уредно се евидентира секаков професионален развој со посета на online обуки и семинари.<br>➢ Училиштето редовно изработува проекти и со истите аплицира а со добиените средства врши подобрување и осовременување на инфраструктурата во училиштето имајќи ги во предвид зацртаните приоритети. | | |
| **Област 7: Соработка со родителите и локалната средина** | ➢ Училиштето е отворено за соработка со родителите, локалната заедница и други релевантни институции;<br>➢ Родителите редовно се информираат за напредокот на учениците;<br>➢ Навремена информираност за реализирани активности, успеси на учениците и училиштето преку објава на социјалните мрежи на училиштето;<br>➢ Училиштето организира и учествува во разни хуманитарни акции. | ➢ Недоволен интерес од страна на родителите од социјално ранливите категории за следење на постигнувањата и однесувањето на нивните деца. | ➢ Зголемена соработка со родителите од социјално ранливите категории за следење на постигнувањата и однесувањето на нивните деца. |

24.06.2021 год

вд Директор:

Валентина Стефанова